**20131804367**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2014 ГОДИНА

Се прогласува Буџетот на Република Македонија за 2014 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 декември 2013 година.

Бр. 07-5003/1
20 декември 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2014 ГОДИНА

## I. ОПШТ ДЕЛ

### Член 1

Буџетот на Република Македонија за 2014 година се состои од:

| | во илјади денари |
|---|---|
| **I Вкупни приходи,** | **158.243.000** |
| -изворни приходи | 148.832.000 |
| -капитални приходи | 5.290.000 |
| -донации | 4.121.000 |
| II **Вкупни расходи,** | **176.514.000** |
| -утврдени намени | 176.414.000 |
| -резерви | 100.000 |
| III **Дефицит** | **18.271.000** |
| **Приливи** | **29.131.000** |
| **Одливи** | 10.860.000 |

МАКРОЕКОНОМСКИ ПРОЕКЦИИ

Во 2014 година се очекува зајакнување на глобалниот економски раст, при што се очекува Еврозоната да оствари позитивни стапки на раст. Согласно ваквите очекувања за надворешното окружување и активната економска политика, се предвидува интензивирање на економскиот раст во Македонија, кој во 2014 година се очекува да изнесува 3,2%. Се предвидува умерено интензивирање на растот на индустриското производство, согласно очекуваната динамика за раст на странската побарувачка, при што е проектиран раст на индустријата од 3,8%. Градежништвото се очекува да оствари стапка на раст од 5% на реална основа, пред се како резултат на планираните инфраструктурни проекти и инвестициите во ТИРЗ и индустриските зони. Растот во земјоделството е предвидено да изнесува 3%, а услужниот сектор се очекува да забележи стапка на раст од 2,9%.

Анализирано според расходната страна на БДП, домашната побарувачка се очекува да има позитивен придонес кон економскиот раст. Проекцијата за раст на бруто инвестициите во 2014 година изнесува 7,5% на реална основа. Овие очекувања се засноваат на постепен пораст на приватните инвестиции придвижени главно од СДИ и на зголемувањето на буџетските капитални расходи. Во таа насока планирана е реализација на крупни инвестициски проекти за подобрување на транспортната мрежа во земјата, подобрување на енергетската и комуналната инфраструктура, капитални расходи за подобрување на условите во образовниот, социјалниот и здравствениот систем. Растот на личната потрошувачка во 2014 година се очекува да изнесува 2,4%, додека проекцијата за раст на јавната потрошувачка изнесува 0,6%.

Предвидениот раст на странската побарувачка, согласно очекувањата за зајакнување на економијата на ЕУ како најзначаен трговски партнер на Македонија е основа за интензивирање на растот на извозната активност. Покрај ова, значаен фактор за растот на извозот ќе биде и зголемувањето на вкупниот извозен потенцијал на земјата како резултат на новите извозни капацитети, кој се очекува да влијае и кон подобрување на структурата на извозот на земјата. Извозот на стоки и услуги се очекува да оствари реален раст од 6,2%. Очекуваниот раст на домашната побарувачка и извозната активност условуваат раст и на увозот кој во 2014 година се очекува да изнесува 5,6%.

Стапката на инфлација во 2014 година се очекува да остане ниска и стабилна, проктирана на ниво од 3,3%. Бројот на вработени се очекува да се зголеми за околу 2%, што ќе резултира со дополнително намалување на стапката на невработеност. Номиналниот раст на просечната бруто плата се очекува да изнесува 2,4%.

Очекуваното ниво на странски директни инвестиции и проекцијата за умерен дефицит на тековната сметка на платниот биланс од 4,4% од БДП, се фактори кои ќе резултираат во стабилна екстерна позиција и одржување на девизните резерви на адекватно ниво. Стабилниот девизен курс на денарот во однос на еврото ќе се задржи и во 2014 година, во функција на одржување на ценовната стабилност како крајна цел на монетарната политика.

## БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2014 ГОДИНА

Успешното управување со јавните финансии како клучна компонента за економијата и фактор на финансиска сигурност, останува приоритет и во 2014 година. Фискалната политика е во функција на зачувување на макроекономската стабилност и фискалната одржливост, како и поддршка на растот на македонската економија. Вака дефинираните цели на фискалната политика подразбираат натамошна строга контрола на јавните финансии и континуирано подобрување на квалитетот на јавните расходи преку зголемување на капиталните инвестиции.

Вкупните приходи на консолидираниот буџет за 2014 година се планираат на ниво од 158.243 милиони денари, а расходите се планирани на ниво од 176.514 милиони денари. Вака планираните приходи и расходи ќе резултираат со буџетски дефицит во износ од 3,5% од БДП. Ова ниво на дефицит се смета за разумно и неопходно во услови на функционирање на економијата под нивото на потенцијалниот раст и постепено заздравување на европската економија. Поддршката на домашната економија е повеќекратна и се реализира преку зголемување на инвестициите, субвенциите, пензиите, платите и социјалните надоместоци.

во милиони денари

**Консолидиран Буџет на Република Македонија за 2014 година**

| | Буџет 2013 | Буџет 2014 |
|---|---|---|
| ВКУПНИ ПРИХОДИ | ***149,291*** | ***158,243*** |
| **Даночни приходи и придонеси** | 125,752 | 133,859 |
| Даночни приходи | **83,128** | **88,706** |
| Продонеси | **42,624** | **45,153** |
| **Неданочни приходи** | **14,094** | **14,973** |
| Капитални приходи | 4,444 | 5,290 |
| **Донации** | **5,001** | **4,121** |
| ВКУПНИ РАСХОДИ | ***168,541*** | ***176,514*** |

| | | |
|---|---|---|
| **Тековни расходи** | ***148,387*** | ***154,137*** |
| Плати и надоместоци | *22,999* | *23,682* |
| Стоки и услуги | *17,591* | *18,661* |
| Трансфери до ЕЛС | *15,645* | *16,005* |
| Субвенции и трансфери | *12,975* | *12,720* |
| Социјални трансфери | *75,053* | *78,666* |
| Каматни плаќања | *4,124* | *4,403* |
| **Капитални расходи** | **20,154** | **22,377** |
| **ДЕФИЦИТ** | **-19,250** | **-18,271** |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | **19,250** | **18,271** |
| **Прилив** | ***35,030*** | ***29,131*** |
| Домашни извори | 10,110 | 9,940 |
| Странски извори | 19,423 | 5,276 |
| Депозити | 5,497 | 13,915 |
| **Одлив** | ***15,780*** | ***10,860*** |
| Отплати на странско задолжување | 13,907 | 9,133 |
| Отплати на домашно задолжување | 1,873 | 1,727 |

Приходите на консолидираниот Буџет за 2014 година се проектирани во услови на задржување на ниски и непроменети даночни стапки, за разлика од голем број европски земји кои консолидацијата на јавните финансии ја реализираат преку зголемување на оданочувањето. Даночните приходи се планирани во износ од 88.706 милиони денари, во рамки на кои најголемо учество имаат приходите по основ на данокот на додадена вредност, што соодветствува со очекуваниот раст на потрошувачката и порастот на увозот. Останатите даночни приходи се планирани врз основа на остварувањата во текот на 2013 година, а кај приходите по основ на царини вклучен е и ефектот од намалувањето на царините за увоз на стоки од ЕУ согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Останатите буџетски приходи ќе се остварат по основ на неданочни приходи (административни такси, концесии и други неданочни приходи) и капитални приходи (по основ на продажба на општествени станови и земјиште и по основ на планирана дивиденда од АД Македонски Телеком).

Социјалните придонеси како изворни приходи на фондовите за пензиско и здравствено осигурување и на Агенцијата за вработување се планирани во износ од 45.153 милиони денари.

Во текот на 2014 година по основ на донации предвидени се 4.121 милиони денари кои буџетските корисници е планирано да ги реализираат на сметките за сопствени приходи.

Расходната страна на Буџетот на Република Македонија е планирана во функција на поддршка на растот на македонската економија, надминување на негативните ефекти од глобалната економска криза,

подобрување на економската положба и животниот стандард на населението, пред се на најранливите категории на граѓани (пензионерите и корисниците на социјални надоместоци), како и зголемувањето на инвестициите во инфраструктурни проекти. Исто така, ќе се продолжи со определбата за спроведување на дисциплинирана буџетска потрошувачка, при што особено внимание ќе се посвети на рестриктивност и ригорозна контрола на помалку продуктивните трошоци за сметка на зголемување на инвестициите за капитални проекти во насока на директна поддршка на стопанството.

Вкупните расходи во Буџетот за 2014 година се планирани во износ од 176.514 милиони денари, со тенденција за континуирано подобрување на нивната структура. Планираното ниво на капитални расходи за 2014 година е за 11% повисоко од планираните капитални расходи за 2013 година, со што нивното учество во вкупните расходи е зголемено на 12,7% во 2014 година од 11,9% претходната година.

Тековните расходи планирани за 2014 година се повисоки за 3,9% во однос претходната година, што се должи на предвиденото зголемување на пензиите, платите на вработените во јавниот сектор, социјалните надоместоци и субвенциите во земјоделството.

Во овие рамки:
- Расходите за исплата на плати се проектирани на ниво од 23.682 милиони денари и истите соодветствуваат на политиката за замрзнување на нови вработувања, освен вработувањата согласно Охридскиот рамковен договор. Порастот на расходите за плати се должи единствено на планираното зголемување на платите на вработените во јавниот сектор за 5%, почнувајќи со исплатата на октомвриската плата.
- Расходите за стоки и услуги се проктирани на износ од 18.661 милиони денари, со што ќе се обезбеди редовно и непречено подмирување на тековните обврските на буџетските корисници, финансирање на претседателските избори и значително зголемување на здравствените програми. Исто така, во текот на 2014 година ќе продолжи определбата за спроведување на рестриктивна буџетска потрошувачка во делот на помалку продуктивните расходи.
- Социјалните трансфери се проектирани на износ од 78.666 милиони денари, при што се опфатени и ефектите од политиката за поддршка на пензионерите и корисниците на социјална помош. Во текот на 2014 година 43.700 милиони денари се наменети за исплата на пензии, со што пензионерите ќе добијат зголемување на пензиите за 5% во просек почнувајќи од март 2014 година. За исплата на паричен надоместок во случај на невработеност за невработените лица планирани се средства во износ од 1.752 милиони денари, а за спроведување на активните политики и мерки за вработување планирани се 320 милиони денари. За здравствена заштита се планирани средства во износ од 22.217 милиони

денари. Во буџетот се предвидени средства за редовно и навремено исплаќање на обврските по основ на правата од социјална заштита на ранливите категории на граѓани, во рамките на истите ќе биде реализирано зголемувањето на социјалната помош за 5% почнувајќи од март 2014 година. Буџетот за 2014 година во рамки на социјалната заштита предвидува и финансирање на нови социјални права за ранливите групи на население (право за глувост и квадриплеги) и едновремено зголемување на финансиската поддршка на самохрани родители кои имаат деца со посебни потреби. Истовремено, планирани се и средства за поддршка на функционирањето на постојните дневни центри и народни кујни, како и средства за субвенционирање на трошоците за потрошувачка на енергија на најзагрозените категории на граѓани.

- Расходите за субвенции и трансфери вклучуваат зголемен износ на субвенции во земјоделството за дополнителни 5 милиони евра во однос на оваа година, односно вкупен износ од 140 милиони евра наменет за поддршка на земјоделството. Зголемениот обем на субвенции, како и средствата од ИПАРД програмата ќе обезбедат натамошно зајакнување и поддршка на овој сектор, како и зголемување на продуктивноста и конкурентноста.
- Расходите за покривање на обврските по основ на камати се проектирани во износ од 4.403 милиони денари, вклучувајќи ги обврските по основ на надворешен долг во износ од 2.576 милиони денари од кредитни линии обезбедени од меѓународни институции и внатрешен долг во износ од 1.827 милиони денари.
- Јавните инвестиции кои ја претставуваат развојната компонента на фискалната политика, ќе продолжат да имаат приоритетно и доминантно значење во Буџетот за 2014 година. Во изминатите неколку години, капиталните проекти финансирани од Буџетот на Република Македонија целосно ја потврдија својата оправданост и силно влијае во справувањето со ефектите од економската криза. Со цел натамошна поддршка на стопанството и поттикнување на економскиот раст ќе се продолжи со политиката на зголемување на средствата предвидени за капитални проекти. Во Буџетот за 2014 година предвидени се 22.377 милиони денари за капитални инвестиции, што претставува 11% повеќе во однос на оваа година.

Во рамки на буџетските средства наменети за капитални расходи предвидени се значајни инвестициски вложувања во изградбата на автопатот на Коридор X и железничката инфраструктура, енергетската и комунална инфраструктура, како и капитални инвестиции за подобрување на условите во здравствениот, образовниот и социјалниот систем, земјоделството, културата, спортот, заштитата на животната средина и правосудството. Во текот на 2014 година планирано е:

- Капитални расходи за патната и железничка инфраструктура во износ од 3.425 милиони денари. Во овие рамки предвидено е интензивирање на реализацијата на Проектот за доизградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, со кој се предвидува изградба на нова модерна автопатска делница со што ќе се комплетира главната делница на Коридор X. Проектот ќе се финансира од сопствени средства, користење на кредитно задолжување од ЕБОР и ЕИБ и средства од ИПА фондовите. Во областа на железничкиот сообраќај, во текот на 2014 година ќе се реализира проектот за доизградба на Железничкиот Коридор VIII во делот Куманово-Бељаковце, во функција на подобрување на конкурентноста и поврзување со соседните земји. За модернизирање на постојната железничката инфраструктура предвидена е реконструкција на железничката пруга на Коридор X финансирана со заем од ЕБОР. Во рамките на овој проект ќе се изврши ремонт на повеќе делници на железничкиот Коридор X со што ќе се подобри протокот на патници на оваа делница, ќе се намалат трошоците за одржување на железничката пруга и ќе се обезбеди посигурен и поефикасен сообраќај.
- Вложување во енергетската и комунална инфраструктура за што се проектирани капитални инвестиции во износ од 1.375 милиони денари. Предвидено е интензивирање на активностите околу изградбата на Националниот гасоводен систем и финансирање на изградба на водоводни и канализациони системи во општините финансирани од сопствени извори и со средства од кредитни линии од ЕИБ и КФВ банката.
- Уредување на технолошко индустриските развојни зони преку изградба на потребната инфраструктура и објекти, како и вршење на потребните геомеханички истражни работи. За оваа намена во Буџетот за 2014 година планирани се 505 милиони денари.
- За здравствениот сектор планирани се инвестиции во износ од 1.920 милиони денари наменети за проектот за изградба и реконструкција на јавни здравствени установи, финансиран од буџетски средства и кредит од Банката за развој при Советот на Европа, за исплата на набавката на медицинска опрема и амбулантни возила, како и за други проекти.
- За образованието, детската заштита и спортот проектирани се капиталните инвестиции во износ од 2.400 милиони денари, кои се наменети за изградба и реконструкција на основни и средни училишта, детски градинки, изградба на училишни и спортски сали, реконструкција на ученички и студентски домови, опремување и реконструкција на универзитетите, набавка на современа лабараториска опрема и инвестиции во спортска инфраструктура.

- Во насока на поддршка на земјоделскиот сектор предвиден е зголемен обем на капитални инвестиции во износ од 1.860 милиони денари, кои се наменети за рурален развој, изградба на хидросистеми и инвестиции за подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделските стопанства, нивно преструктуирање и надградба со цел побрзо исполнување на стандардите на ЕУ.
- Во останатите области - правосудство, јавен ред и безбедност, одбрана, култура и информатички технологии, капиталните инвестиции бележат соодветен пораст, согласно планираната динамика на реализација на активностите и проектите во овие области.

Финансиските средства за проектираниот дефицит од 3,5% и отплатата на долговите кон странство ќе се обезбедат од странски извори (поволни кредити од меѓународни финансиски институции, кредит од комерцијални банки гарантиран од Светска банка и кредитни линии наменети за финансирање на одделни проекти), како и од домашни извори (емисии на државни хартии од вредност). Во однос на задолжувањето на домашниот пазар, основна заложба и во наредниот период ќе биде зголемување на рочноста на издадените хартии од вредност, при што посебен акцент ќе биде ставен на издавање на државни обврзници на 2, 3 и 5 годишни со цел оптимизација на исплатите.

Одржувањето на умерено ниво на дефицит, во услови кога значителни средства се наменети за инфраструктурни инвестиции и обезбедување на адекватно ниво на социјална заштита, позитивно ќе влијае врз заздравување на македонската економија и забрзување на економскиот раст.

## ВЛАДИНИ ПРОГРАМИ

Владините програми и потпрограми ги рефлектираат активностите на Владата на Република Македонија кои се преземаат за реализација на стратешките приоритети. Овие приоритети се дефинирани и содржани во повеќе документи на Владата на Република Македонија.

Средствата за финансирање на владините програми се обезбедуваат од буџетски средства, од донации и од заеми од меѓународни финансиски институции. Утврдените владини програми се усогласуваат со редовните активности на одделните министерства со давање на приоритет за нивното финансирање.

Планираните средства утврдени во Буџетот за 2014 година, обезбедуваат имплементација на овие програми, континуитет во реализацијата, како и следење на успешноста во исполнувањето на стратешките приоритети.

## А. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Децентрализација на надлежностите до локалните власти и подобрувањето на нивниот капацитет е еден од приоритетите кои произлегуваат од Пристапното партнерство на Република Македонија со ЕУ и Рамковниот договор. Постигната е целта сите општини (освен Пласница) во 2012 година да ги финансираат пренесените надлежности со блок дотации со што завршува фазниот пристап за пренесување и управување со материјалните и финансиски ресурси за пренесените надлежности во образованието, културата, детската и социјална заштита.

Преземените надлежности во повеќе области од страна на општините го зголемија административниот и фискален капацитет и ги зајакнаа капацитетите за управувањето со поголем обем на финансиски средства. Со успешно администрирање и наплата на сопствените приходи продолжува процесот на пораст на сопствените приходи на општините и капацитетот за менаџирање на средствата, извршувањето на пренесените надлежности и управувањето со финансиските средства и другите ресурси потребни за нивно извршување. Дополнително, општините успешно администрираат нови надлежности на управувањето со градежното земјиште, постапување со бесправно изградени објекти со соодветно обезбедување на приходи.

Успешното спроведување на фискалната децентрализација со целосно воспоставена законска и институционална рамка на локалната самоуправа, обезбедува развиени, одговорни и функционални единици на локалната самоуправа и ниво на локална демократија што ги приближува граѓаните до институциите на локалната самоуправа.

Напредокот во достигнувањето на целите на децентрализацијата е оценет како успешен од повеќе меѓународни институции со чија помош во рамките на повеќе проекти се извршени подобрувања во системот на

управување, контрола, транспарентност и координација на управувањето со реформите на локалната самоуправа.

Во Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во Република Македонија 2011-2014 донесена од Владата на Република Македонија е констатиран напредок во реформските зафати во областа на локалната самоуправа во изминатиот период. Истовремено развојот на локалната самоуправа во Република Македонија и процесот на децентрализација како нејзин суштински сегмент, се утврдени како главни цели во натамошната демократизација на општеството и подобрувањето на јавните услуги за граѓаните. Имајќи ги предвид досегашните резултати од имплементацијата на процесот на децентрализација, главните предизвици во наредниот период ќе бидат: демократското управување на локално ниво и интегриран и одржлив развој на единиците на локалната самоуправа.

Програмата А-Децентрализација се реализира преку *потпрограмите А0-Децентрализација* и *А2-Пренесување на надлежности на ЕЛС*. Со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа предвиден е фазен пристап на фискалната децентрализација и оценување на исполнетоста на условите за премин кон втората фаза.

Во 2014 година сите општини (освен Пласница) ќе ги финансираат пренесените надлежности во дејностите на образованието, културата, детската заштита и згрижувањето на стари лица со блок дотации.

Финансирањето на пренесените надлежности на општините се врши преку ресорните министерства, во согласност со критериуми утврдени со уредби донесени од страна на Владата на Република Македонија.

Износите на средства за финансирање на расходите со наменски и блок дотации обезбедуваат непречено извршување на овие надлежности (Прилог 1: Преглед на наменски и блок дотации за пренесените надлежности по општини).

## Б. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

Оваа програма ги опфаќа активностите кои се однесуваат на зголемување на вработувањето преку реализација на Оперативниот план за активни мерки за вработување, со опфат на различни целни групи кои потешко можат да се вклучат на пазарот на трудот, а се во функција на намалувањето на сиромаштијата.

## В. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА

Целта на оваа програма е унапредување на одбранбените и безбедносните активности на Република Македонија и поттикнување на Министерството за одбрана како носител на овие активности да продолжи со интензивирање на процесот за влез во НАТО.

## Г. ЈАКНЕЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

Целта на оваа програма е реализирање на антикорупциските иницијативи на Владата, продлабочување на соработката со меѓународниот кривичен суд, борба против организираниот криминал и продолжување со реформата на судството.

## Д. ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Со цел интензивирање на економскиот развој како еден од главните стратешки приоритети и креирање на нови работни места, Владата на Република Македонија создава услови за подобрување на деловната клима и развивање на приватниот сектор. Активностите од оваа програма се реализираат со инвестиции во железничката инфраструктура, инвестиции во Технолошки индустриски развојни зони, поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, поддршка на инвестициони вложувања, како и преку економска промоција и унапредување на деловните активности.

## К. РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Во рамките на оваа програма се реализираат активности поврзани со потребата за зајакнување на капацитетот на јавната администрација и формирање на ефикасна државна администрација оспособена за успешна имплементација на интеграционите процеси во ЕУ и НАТО. За таа цел се спроведуваат обуки и усовршување на јавната администрација за ефикасно управување со буџетските средства, ефикасно управување со ЕУ фондовите, усовршување на вработените со ЕУ регулативите, како и имплементација на ефикасни контролни механизми во менаџирањето со овие средства.

## М.ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ

Во рамките на оваа програма се прикажани активностите поврзани со користењето на средствата од ИПА фондови во функција на реализација на стратешкиот приоритет на Владата на Република Македонија за започнување на преговорите за членство на Република Македонија со Европската Унија.

Финансирањето преку ИПА фондовите се програмира и имплементира преку следните компоненти:

-*Помош при транзиција и институционална надградба.* Оваа компонента се однесува на проектите во следниве области:

*1. Добро владеење и владеење на правото:* кои имаат за цел исполнување на политичките критериуми, градење на институциите и јакнење на капацитетите за децентрализирано управување со фондовите од ЕУ.

*2. Економски развој и социјална кохезија:* проектите во оваа област се наменети за подобрување на инвестиционата клима, подобрување на

административните капацитети на централно и локално ниво во областа на фискалната политика и институционална надградба во областа на регионалната политика како придонес за подобра имплементација на националните и регионалните развојни планови.
*3. Acquis:* проекти поврзани со законодавството на ЕУ во областа на јавните финансии, статистика, царинско работење, институционално зајакнување на капацитетите на регулаторните тела, дирекции, инспекторати и управување со земјиштето.
*4. Техничка помош:* проекти наменети за поддршка при подготовка на проекти (изработка на тендерско досие и друга проектна документација како поддршка за реализација на компонентите 3, 4 и 5).

- *Прекугранична соработка;* Втората компонента од ИПА има за цел да ја зајакне соработката помеѓу пограничните региони на Република Македонија со сите соседни земји, со цел обезбедување и развој на добрососедските односи, зајакнување на стабилноста, безбедноста и просперитетот во заедничките односи на сите земји и поттикнување на нивниот рамномерен развој.

- *Регионален развој;* Третата компонента има за цел да ја подготви земјата за користење на средствата од Структурните и Кохезионите фондови на ЕУ. Со Оперативната програма за регионален развој 2007-2011 година ќе се финансираат проекти во областа на транспортот (60-70% од вкупните алокации) и проекти во областа на животната средина (30-40% од вкупните алокации).

- *Развој на човековите ресурси;* Четвртата компонента на ИПА ги поддржува проектите во областа на вработувањето, образованието и социјалното вклучување, со цел привлекување и задржување на повеќе луѓе на работа, подобрување на состојбата на младите луѓе и подолго невработените лица, како и подобрување на образовниот процес во насока на негово прилагодување на потребите на пазарот на труд.

- *Рурален развој;* Петтата компонента ги поддржува проектите кои ќе овозможат достигнување на стандардите на ЕУ воспоставени во областа на земјоделското производство, преработката на храна и руралниот развој. Помошта преку оваа компонента е насочена кон поддршка на проекти поврзани со инвестиции во земјоделски и преработувачки капацитети и маркетинг на земјоделски производи и риба, како и подобрување и развој на руралната инфраструктура и обука на земјоделците.

Проектите кои се предвидува да бидат финансирани со средствата од ИПА фондовите се наведени во развојниот дел на буџетот.

## Н. ИНФОРМАЦИСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

Во рамките на оваа потпрограма е предвидено спроведување на низа проекти во функција на јакнењето на капацитетите на јавната администрација и развојот на ИКТ во Република Македонија. Со спроведувањето на развојните проекти би се обезбедило забрзување на

циркулацијата на информациите меѓу органите на управата, креирање и водење на централна база на податоци за водење на секторите за информатика на државната управа, со што ќе се обезбеди цврста ИТ основа за сите хоризонтални програми со директна или индиректна поддршка на реализација на приоритетите на Владата на Република Македонија.

## О. РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Целта на оваа програма е промовирање на рамномерен регионален развој на државата и намалување на диспаритетите во степенот на развиеност меѓу планските региони.

## С. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Оваа програма опфаќа реализација на проекти од областа на заштитата и унапредувањето на животната средина, одржливиот развој, валоризација и ревалоризација на природните вредности и слично.

## Т. ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Во текот на 2014 година во рамките на оваа програма ќе се врши финансирање на значајни активности во оваа дејност: изградба и реконструкција на основни и средни училишта, изградба на училишни спортски сали, реконструкција на ученички и студентски домови.

Целта на оваа програма е подобрување на условите во училиштата, ученичките и студентските домови што е од клучно значење за подобрување на квалитетот на образованието.

# БУЏЕТСКИ ПРОГРАМИ ЗА 2014 ГОДИНА

## 01001 ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 72.717 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Претседателот на Република Македонија ја претставува Република Македонија на домашен и меѓународен план, ги извршува своите права и надлежности врз основа и во рамките на Уставот и законите во Република Македонија.

Јакнењето на одбранбената способност на земјата, зачувување и јакнење на внатрешната стабилност, натамошна афирмација и подобрување на позициите на Република Македонија во меѓународната заедница, прилагодување кон стандардите на НАТО и активностите за целосни реформи во општеството за приближување кон стандардите на Европска Унија се главните цели на Претседателот на Република Македонија за 2014 година.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 47
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.443

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на меѓународни посети на Претседателот и возвратени посети на државници од други земји: 37

## 01002 АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 155.321 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Агенцијата за разузнавање е посебен орган на државна управа кој е надлежен да собира податоци и информации од значење за безбедноста и одбраната на Република Македонија, стопанските, политичките и други интереси на државата. Агенцијата врши анализи и истражувања на податоците и информациите, при што задолжително ги известува другите државни органи за прашања од нивниот делокруг на работа.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 219
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 675

## 02001 СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 688.353 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Собранието на Република Македонија како носител на законодавната власт во државата има утврдена организација и функционирање согласно Уставот на Република Македонија, Деловникот на Собранието на Република Македонија и Законот за Собранието.

Основни цели за 2014 година се остварување на функциите на Собранието утврдени со Уставот на Република Македонија, Деловникот на Собранието на Република Македонија и Законот за Собранието, реализација на Програмата на Собранието за соработка со меѓународни организации и институции, донесување на закони, подзаконски акти, одлуки, декларации, резолуции и слично.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 415
Оперативни расходи по вработен (во илјада денари): 1.110

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на ефективни часови на одржани седници: 840

## 02002 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 94.880 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државниот завод за ревизија е самостоен и независен орган кој обезбедува контрола на законското и наменското трошење на јавните средства, јакнење на финансиската дисциплина, отчетноста, ефикасноста, економичноста и ефективноста на субјектите кои управуваат со јавните средства.

Цели на Државниот завод за ревизија за 2014 година се континуирано обезбедување на квалитет во работењето со јавните средства, навремено откривање на отстапувањата од прифатените стандарди и принципи на законитост, ефективност, ефикасност и економичност во раководењето со јавните средства, успешна реализација на надлежностите утврдени со Законот за државна ревизија и планираните ревизии и задачи утврдени со Годишната програма за работа за 2014 година, постигнување на неопходната независност на државната ревизија како уставна категорија, континуирано интензивирање на соработката со Собранието и Владата на Република Македонија и другите надлежни органи, со цел информирање за користењето и управувањето со јавните средства.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 91
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 989

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на ревизии: 80

## 02003 ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 21.666 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државната комисија за спречување на корупцијата е самостоен државен орган со својство на правно лице, надлежна за примена на Законот за спречување на корупцијата, Законот за судир на интереси и врши надзор над лобирањето согласно Законот за лобирање.

Основни цели на Државната комисија за спречување на корупцијата се имплементацијата на активностите од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015 година, како и соработка со странски антикорупциски тела, институции и организации.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 24
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 903

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Процент на реализирани активности во однос на вкупниот број на активности утврдени во Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси: 50%

## 02004 ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 302.766 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државната изборна комисија се грижи за законитоста во подготовката и спроведувањето на изборите за Претседател на Република Македонија, пратеници, градоначалници и советници, спроведување на референдуми, пропишува упатства и стандарди за спроведување на изборите и врши едукација и надзор над изборните органи. Основни приоритети на Државната изборна комисија за 2014 година се обезбедување на високи стандарди со цел успешно спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија во 2014 година.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 105
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.541

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на денови на одржани обуки: 45

## 02005 КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 19.089 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Комисијата за заштита на конкуренцијата е самостоен државен орган со својство на правно лице, која е надлежна за обезбедување слободна конкуренција на домашниот пазар, поттикнување на економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите. Целите на Комисијата за наредната година се обезбедување на услови за слободна конкуренција и контрола на државната помош која се доделува во Република Македонија.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 28

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 682

## 02006 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 32.299 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Основна надлежност на Дирекцијата за заштита на личните податоци е вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработување на лични податоци и нивна заштита на територијата на Република Македонија. Согласно ова, цели на Дирекцијата се целосна имплементација на прописите за заштита на личните податоци од страна на контролорите и обработувачите, континуирано вршење на инспекциски надзор, како и зајканување на меѓународните активности.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 26

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 760

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори кај контролори и обработувачи на збирки на лични податоци во јавниот и приватниот сектор: 385

## 02007 ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 14.116 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Основна надлежност на Државната комисија за жалби по јавни набавки е решавање на жалби по постапката за доделување на договори за јавните набавки, концесии и јавно приватно партнерство.

Со стратешкиот план на комисијата дефинирани се активностите за решавање на жалбите во постапките за доделување на договори за јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство, во законски утврдени рокови на квалитетен и транспарентен начин.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 15
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 901

## 02008 КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: **24.702 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Комисијата за верификација на фактите ја води постапката за пристап, откривање и употреба на документи со кои се утврдува соработката со органите на државната безбедност на лица кандидати за носители на јавна функција или јавно овластување, поранешни и сегашни носители на јавни функции или јавни овластувања, како и нивно објавување.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 17
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.444

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на предмети што ќе се разгледуваат годишно: 13.333

## 02009 РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: **7.360 илјади денари**

### ОПИСИ И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Основна надлежност на Регулаторната комисија за домување е обезбедување на долгорочен, стандардизиран и хармоничен развој на домувањето, категоризација на станови, издавање на лиценци за управители, водење на регистар на управители, посредување во решавање на спорови од областа на домувањето, како и покренување на иницијативи за Закони од областа на домувањето.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 9
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 763

## 02010 СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: **5.315 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Советот за унапредување и надзор на ревизијата е основан од страна на Владата на Република Македонија како самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања утврдени со Законот за ревизија.

Цели на Советот за 2014 година се издавање на лиценци за работа на друштва за ревизија, овластени ревизори и овластени ревизори – трговци поединци, зајакнување на надзорот врз Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, друштвата за ревизија и овластените ревизори –

трговци поединци, како и склучување на меморандуми за соработка и размена на искуства со домашни и меѓународни институции.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 2
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.558

## 02011 КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 4.557 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Комисијата за заштита од дискриминација согласно член 16 од Законот за спречување и заштита од дискриминација е самостоен и независен орган кој работи во согласност со надлежностите утврдени со законот. Комисијата постапува по претставки, покренува иницијатива за поведување на постапка пред надлежните органи поради сторени повреди на законот, го следи спроведувањето на законот, дава препораки на државни органи за преземање на мерки за остварување на еднаквоста, ја информира јавноста со случаите на дискриминација и превзема активности за промоција и едукација на еднаквоста, човековите права и недискриминацијата.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на доставени/завршени претставки: 160

## 02012 ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 33.402 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен согласно законот за нејзино основање е државен орган кој е самостоен во својата работа и има својство на правно лице. Државната комисија е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи. Државната комисија е надлежна да одлучува и за прашања од областа на работните односи во втор степен (кои не се во надлежност на Агенцијата за администрација), за прашања од областа на работните односи за државните службеници од Агенцијата за администрација, како и против решенија на Министерството за внатрешни работи со кои се поништени решенијата за доделување на награди.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 30
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.084

## 02013 РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 37.089 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) е формирано како самостојно и независно правно лице, согласно Регулативата на Европската Комисија за воведување на ИПА инструментот за претпристапна помош.

Цели за 2014 година на Ревизорското тело за ревизија на ИПА се успешна реализација на надлежностите кои произлегуваат од Законот за ревизија на ИПА, реализација на планираните ревизии и задачи утврдени со Годишните работни планови за ревизија по ИПА компоненти за 2014 година, обезбедување на квалитет во работењето, како и натамошен развој на соработката на Ревизорското тело со надлежни институции од земјите – членки на ЕУ и земјите – потенцијални кандидати за влез во ЕУ.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 32
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.132

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на Годишни ревизорски извештаи: 16

## 03001 УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 32.222 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Уставниот суд на Република Македонија е орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста, одлучува за усогласеноста на законите со Уставот, ги штити човековите права и слободи, решава за судир на надлежности меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт, одлучува за одговорноста на Претседателот на Републиката и за други прашања утврдени со Уставот.

Во 2014 година Уставниот суд на Република Македонија ќе продолжи со постапување по предмети за кој е надлежен, односно ќе одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите. При извршување на работите од својата надлежност, Судот ќе настојува покрај квалитетот, да обезбеди и поголема ефикасност во одлучувањето по добиените предмети во функција на правилна заштита на Уставноста и законитоста и заштита на слободите и правата на граѓаните кои се во надлежност на Уставниот суд.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 25
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.276

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на примени предмети во текот на годината: 450

## 04001 ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.209.191 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Владата на Република Македонија ја утврдува економската и развојната политика на државата, утврдува мерки за нејзино остварување и му предлага мерки на Собранието за остварувањето на политиките што се од негова надлежност, ја утврдува политиката на извршување на законите и другите прописи на Собранието, го следи нивното извршување, врши координација на процесот на стратешкото планирање на централно ниво и негово усогласување со буџетскиот процес и врши други работи утврдени со закон.

Активностите на Владата на Република Македонија во наредната 2014 година се во согласност со утврдените стратешките приоритети за зголемување на економскиот раст обезбедување на повисоки стапки на вработеност и интензивирање на интеграционите процеси, бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото преку длабоки реформи во судството и јавната администрација, одржување на добри меѓуетнички односи врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување и спроведување на охридскиот рамковен договор, инвестирање во образование, наука и информатичка технологија како елементи на општество базирано на знаење

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 427
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.491

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на патувања во земјата и странство (денови):800
Број на лица вклучени во следење на процесот Е-Влада: 400

## 04002 СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 2.605.860 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Организацијата и делокругот на работа на Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија се однесува на извршување на општите и заедничките услуги за потребите на Собранието на Република Македонија, Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија и другите органи на државната управа.

Приоритетни активности на Службата за општи и заеднички работи за наредната година се: довршување и пуштање во употреба на објектот за

просторно сместување на Јавното обвинителство, Управата за финансиска полиција и Управата за финансиско разузнавање, изградба на подземното паркиралиште на локалитетот Мал ринг на територијата на општина Центар, изградба на зграда за Јавна администрација и Факултетот за драмски уметности, како и партерно уредување на кејот кај новите објекти.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 377
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.838

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Одржување на хигиена во м$^2$: 1.477.692 м$^2$
Број на дневници во земјата и странство: 100
Број на налетни часови: 350

## 04003 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 18.523 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Секретаријатот за законодавство врши работи кои се однесуваат на обезбедување на конзистентноста на правниот систем на Република Македонија и давање стручни мислења за усогласеноста на предлозите на законите и другите прописи со Уставот на Република Македонија, законодавството на Европската Унија, како и со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија. Исто така, Секретаријатот е надлежен за давање на стручни мислења по основ на прописите на општините, врз основа на барање на Министерството за локална самоуправа.

Во 2014 година целите на Секретаријатот за законодавство ќе бидат насочени кон јакнење на капацитетите на органите на државата во делот на усогласувањето на законодавството на Република Македонија со законодавството на ЕУ преку давање на стручни мислења по доставени предлози на закони и други прописи и акти.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 22
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 817

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на изготвени стручни мислења на Секретаријат за законодавство: 5.000

## 04006 ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 124.732 иљјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државното правобранителство на Република Македонија е државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и застапување на Република Македонија и нејзините органи пред судовите, правни лица и други органи.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 111
Оперативни расходи по вработен (во иљјади денари): 1118

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Број на предмети по кои се постапува во текот на годината: 198.000

## 04008 АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 30.714 иљјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Агенцијата за администрација е самостоен државен орган во Република Македонија, надлежен за вршење на стручни, управни и други работи што се однесуваат на статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници. Агенцијата има улога на заштитник на системот на државната и јавната служба во РМ, како и улога на промотор на развојот на државната и јавната служба.

Целите и активностите на Агенцијата во наредната година ќе бидат насочени кон воспоставување на единствен и конзистентен систем на државна служба, преку проверка и одобрување на усогласеноста на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на органите на државната служба, понатамошно унапредување на воспоставениот систем за селекција и вработување на државен службеник и промовирање и развој на системот за селекција и вработување на јавен службеник, врз основа на принципите на стручност и компетентност и почитување на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 45
Оперативни расходи по вработен (во иљјади денари): 651

## 04009 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 99.945 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Секретаријатот за европски прашања ги врши работите што се однесуваат на: следење и проучување на политиките и законодавството на ЕУ, координација и стручна поддршка на процесот на приближување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, како и следење и преземање мерки за имплементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ.

Во наредната година активностите ќе бидат насочени кон изградба и зајакнување на институционалната инфраструктура неопходна за интеграција на Република Македонија во ЕУ, долгорочно планирање на ресурсите за поддршка на процесот за интеграција во ЕУ, оспособување на јавната администрација за интеграција во ЕУ, координација на мрежата на одделенија за европска интеграција во министерствата и другите органи на државната управа, програмирање и планирање на приоритетите на Република Македонија за користење на странската техничка помош, регулирање на односите со донаторите и спроведувањето на програмите за техничка помош, како и поддршка на телата на Владата, чиј делокруг е во областа на интеграцијата на Република Македонија во ЕУ.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 106
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 798

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на одржани состаноци на Комитетот за стабилизација и асоцијација и поткомитетите кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација: 9
Број на испратени државни службеници во Мисија Брисел: 4
Број на преведени и ревидирани страни од Службен весник на Европска Унија: 3622
Број на спроведени обуки и работилници: 53
Спроведени обуки за ИПА: 79

## 04010 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РАМКОВЕН ДОГОВОР
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 637.514 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор својата функција ја извршува преку следење и унапредување на состојбата за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, следење на имплементација на Законот за јазиците, соработка со здруженија и фондации во Република Македонија, унапредување на процесот на мониторинг и следење на процесот на децентрализација, како и редовно и навремено информирање

на јавноста за процесот на спроведување на Рамковниот договор.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 1.778
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):352

## 04012 АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 5.928 **илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Основната надлежност на Агенцијата е доследно спроведување на уставно загарантираните права на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија. Цели на Агенцијата се: следење на остварувањето и унапредување на правата на припадниците на заедниците, учество во подобрување на принципот на соодветна и правична застапеност при вработувањето, унапредување на правата на областа на образованието во сите степени, културата, информирање на својот јазик и заштита на овие права.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 7
Оперативни расходи по вработен (во илјада денари): 833

## 04013 АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 16.801 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Агенцијата за управување со одземен имот управува со конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети, ја спроведува постапката за извршување на конфискацијата на имот и имотна корист, го чува и складира одземениот имот, врши процена, води евиденција на целокупниот одземен имот, го продава одземениот имот, изготвува статистички, финансиски и други извештаи за одземениот имот. Со согласност на судот и надлежниот орган управува со привремено конфискуваниот имот и имотна корист и привремено одземените предмети со цел да се заштити вредноста на имотот.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 33
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 413

## 04014 ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 14.052 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Инспекцискиот совет е самостоен државен орган со својство на правно лице кој ги има следните законски надлежности: координирање на работата на инспекциските служби, формирање и раководење со работните тела, подготовка и следење на примената на методологии и процедури за работа на инспекциските служби, донесување на програма и спроведување на испит за инспектор, издавање и одземање на лиценци за инспектор, набавка и следење на имплементацијата на софтверското решение за инспекциски служби со електронска распределба на надзори, следење на реализацијата на надзорите, следење на успешноста и генерирање на годишни оценки за инспекторите, носење на етички кодекс и разгледување на други прашања во врска со работењето на инспекциските служби.

## 05001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 5.866.844 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Министерството за одбрана со својата организациско-формациска поставеност, организира и развива одбранбен систем со кој ќе одговори на потребите за соочување со сегашните и идните закани по мирот и безбедноста на Република Македонија. Цел на Министерството за одбрана е приближување кон стандардите на НАТО и зачленување во евроатлантските структури, пред се преку соодветно и оптимално поставување и искористување на ресурсите во министерството и АРМ.

Во текот на 2014 година, активностите на Министерството за одбрана ќе бидат насочени кон реализација на следните приоритети и цели: развој и оддржување на борбената готовност на единиците на АРМ, реализација на Партнерските цели 2012 прифатени со Годишната Национална Програма за влез во НАТО, трансформација на Армијата на Република Македонија согласно усвоената структура на силите, понатамошно учество на единиците на АРМ во мировните мисии предводени од ОН, НАТО и ЕУ, прием во НАТО Алијансата, зајакнување на билатералната, регионалната и мултилатералната соработка со земјите членки на НАТО и Партнерството за мир, развој на концептот за активна резерва и продолжување со реформите во контекст на новите барања на безбедносното опкружување, реализација на планираните билатерални и мултилатерални вежби, школување на питомци за потребите на Армијата.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 7.743
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 665

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на лица на служба во странство како преставници на МО: 26
Број на лица од АРМ кои учествуваат во мировни мисии: 168

## 05002 ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 23.300 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Дирекцијата за безбедност и класифицирани информации во функција на национален безбедносен авторитет се грижи за спроведување на утврдената политика за заштита на националните и странските класифицирани информации, усогласена со националните и меѓународните безбедносни стандарди, реализирање на размената на класифицирани информации, согласно потпишаните меѓународни договори, покренување на иницијативи за склучување на нови договори со меѓународни организации и држави, вршење на планирачки, координативни активности, како и инспекциски надзор врз заштитата и ракувањето со националните и отстапените странски класифицирани информации на Република Македонија.

Како еден од носителите на процесите на интеграција во евроатланските структури, во својот домен на работа, Дирекцијата ќе продолжи со имплементирање и унапредување на работата со класифицирани информации, во согласност со нормативите, техничките и меѓународни стандарди и обука на лицата кои ракуваат со нив, за нивна размена на меѓународно ниво во правец на поставување на Република Македонија на местото на рамноправен член во меѓународните организации.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 31

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 750

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Број на издадени НАТО/ЕУ безбедносни сертификати: 4663.

## 05003 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 264.100 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Основна функција на Дирекцијата за заштита и спасување е заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна состојба и воена состојба во Република Македонија.

Во текот на 2014 година, активностите на Дирекцијата за заштита и спасување ќе бидат насочени кон реализација на следните приоритети и цели: отстранување на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи и давање на помош на настраданото население; испитување на езерата во РМ за присуство на неексплодирани убојни средства; отстранување и уништување на неексплодирани убојни средства што ќе се пронаоѓаат во езерата во соработка со меѓународната организација ITF;

ангажирање на силите за заштита и спасување во гасење на пожари, спасување од поплави и други евентуални природни непогоди; преземање на превентивни мерки за заштита од поплави и други природни непогоди; обука и учество на силите за заштита и спасување во спасувачки мисии во други земји кои ќе побараат помош од Република Македонија.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 283
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 771

## 05004 ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: **145.424 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Центарот за управување со кризи ги извршува работите во врска со управувањето со кризи, изработување и ажурирање на единствената процена на ризиците и опасностите по безбедноста на Републиката, како и предлагање мерки и активности за нивно разрешување во кризна состојба.

Во текот на 2014 година, активностите на Центарот за управување со кризи ќе бидат насочени кон реализација на следните приоритети и цели: зајакнување на организациските, институционалните и функционалните капацитети на ЦУК заради обезбедување на целосна поддршка на системот за управување со кризи, имплементација на редефинираната Национална платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи, достигнување на потребните капацитети за планирање, организација и координација со мерките и активностите за превенција за ризици од катастрофи, обезбедување, развивање и унапредување на систем за рано предупредување преку постојано следење и проценување на ризиците и опасностите кои претставуваат закана за безбедноста, организација и подготовка на респектабилни капацитети за справување со настанати несреќи, кризи и кризни состојби и координација со активностите за надминување на предизвиканите последици и штети, модернизација на радио системот и системот за јавно тревожење во ЦУК.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 312
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 463

АУТПУТ **ИНДИКАТОР:**
Одржани состаноци на управувачкиот комитет и групата за проценка:5

## 06001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: **9.851.273 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Министерството за внатрешни работи е орган на државната управа кој врши законски утврдени функции поврзани со: одржување на јавниот

ред и мир, спречување на разгорување на национална расна или верска омраза или нетрпеливост, обезбедување на определени личности или објекти, регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата, контрола на државната граница и гранично обезбедување, престој и движење на странци, работи од областа на граѓанскиот статус, заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, спречување на вршење на казниви дела, откривање пронаоѓање и фаќање на сторителите на казниви дела и нивно предавање на надлежните органи, заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот загарантирани со Уставот и законите на Република Македонија.

Во текот на 2014 година Министерството за внатрешни работи ќе продолжи со започнатиот реформски процес до негово целосно заокружување, довршување на опремувањето до достигнување со соодветен техничко технолошки степен на опременост потребен за современи услови за работење на службите, зголемување на безбедноста во сообраќајот преку превентивно делување и преку зајакнување на воспоставениот систем на санкционирање на прекршителите во сообраќајот за стекнување на соодветна сообраќајна култура на учесниците во сообраќајот и поголема безбедност на патиштата во Република Македонија.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 10.859
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 772

## 07001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 442.445 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Министерството за правда во рамките на своите програмски задачи и оперативни активности учествува во создавање на нормативни и организациски претпоставки во областите за кои е надлежно и тоа: јакнење на независноста, непристрасноста и зголемување на ефикасноста на судството со цел обезбедување на владеењето на правото и правната сигурност; унапредување на статусот на јавното обвинителство; унапредување на стандардите на пенитенцијарниот систем; остварување на уставните определби на адвокатурата како самостојна и независна служба; унапредување на вршењето на нотарската дејност; обезбедување соодветно и целосно извршување на судските пресуди преку извршители; градење на ефикасен и модерен изборен систем; унапредување на граѓанската иницијатива; унапредување на претпоставките за остварување на човековите права.

Во текот на 2014 година активностите ќе бидат насочени кон зголемување на ефикасноста на судската власт со цел обезбедување на ефикасен, независен и професионален правосуден систем; зголемување на ефикасноста во борбата против корупцијата и остварување на човековите права; хармонизација на националното законодавство со правото на Европската Унија; унапредување на информатичко-комуникациските технологии во правосудниот систем; професионално организирани и

управувани казнено-поправни и воспитно-поправни установи; побрз и поедноставен пристап на граѓаните во остварувањето на правата од матичната евиденција.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 245
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 659

## 07002 УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 745.505 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Управата за извршување на санкции ги врши работите што се однесуваат на: изготвување на законски и подзаконски акти од обласга на извршувањето на санкциите, координација во работењето со казнено поправните и воспитно поправните установи, укажување на пропусти и давање на стручна помош во работењето со казнено поправните и воспитно поправните установи, следење на квалитетот на работата на установите и вршење на стручно инструкторски надзор, контрола и обезбедување на сместувачки услови на осудените, малолетните и притворените лица, давање мислење и согласност по општи акти на установите, одлучување по разни барања на осудени лица, давање на услуги и помош директно на осудените лица или пак преку системот на казнено поправните установи и сл.

Во текот на 2014 година, активностите на Управата за извршување на санкции ќе бидат насочени кон реализација на следните приоритети и цели: унапредување на процесот на извршување на санкциите, продолжување на реформите во пенитенцијарниот систем, зајакнување на капацитетите на персоналот во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, обезбедување на квалитетен третман на осудените и малолетни лица, подобрување на менаџирањето со казнено-поправните и воспитно-поправните установи, градење на меѓусебно почитување и похумани односи меѓу вработените и осудените лица, подобрување на условите во казнено-поправните установи преку изградба и реконструкција на 4 казнено-поправни установи и зголемен степен на безбедност на осудените лица и персоналот во казнено-поправните установи, создавање на услови за воспоставување на посебна пробациска служба во рамките на Управата за извршување на санкциите и заживување во пракса на алтернативните мерки на казнување преку подготовка и донесување на Закон за пробација.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 774
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 671

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на стручно инструкторски надзори во казнено-поправните установи: 22

## 07003 УПРАВА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИТЕ КНИГИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 192.262 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Управата за водење на матичните книги е надлежна за издавање на матични книги на родени, венчани и умрени, како и уверенија, преписи и копии согласно матичното досие, водење на постапки за најдено дете, обновување на уништени, оштетени или исчезнати матични книги.

Активностите на Управата за водење на матичните книги во 2014 година ќе бидат во насока на унапредување на квалитетот на матичната евиденција.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 422
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 398

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на издадени изводи: 530.000
Број на внесени записи од матичните книги водени рачно во новиот систем за електронско водење на матичните книги: 750.000
Број на донесени решенија во управна постапка од обласста на матичната евиденција: 3.300

## 08001 МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.217.680 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Министерството за надворешни работи ги извршува работите кои што се однесуваат на надворешните работи и надворешната политика на Република Македонија.

Во текот на 2014 година, активностите на Министерството за надворешни работи ќе бидат насочени кон реализација на следните приоритети и цели: остварување на националните стратешки приоритети за интеграција и добивање на полноправно членство на РМ во НАТО и започнување на преговори за членство во ЕУ, зајакнување на позицијата на РМ во меѓународната заедница преку динамичен развој на односите на билатерално и мултилатерално ниво, активно учество и подобра соработка со меѓународните организации, промоција на македонските економски интереси во странство и привлекување на странски инвестиции во земјата, развивање на добрососедски односи и постигнување на поцврста и поефикасна регионална соработка, активно учество во работата на регионалните иницијативи и завршување на подготовките за едногодишно претседавање на Република Македонија со Процесот за соработка во Југоисточна Европа, обезбедување на повисок квалитет на конзуларни услуги на македонските државјани во странство, зајакнување на комуникацијата и збогатување на содржините на соработката со иселеништвото, унапредување на врските и помош за развојот на културното, образовното и духовното наследство на дијаспората, зајакната

промоција на Република Македонија во странската јавност и натамошна афирмација на нејзините културни вредности, заштита на националниот идентитет на граѓаните на Република Македонија согласно стандардите на модерниот меѓународно-правен поредок и принципите на соработка на цивилизираните нации, развивање на воспоставениот систем на дипломатска едукација на сегашните и идните дипломатски кадри.

.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 507
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.344

## 09001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.923.788 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Министерството за финансии е надлежно за работите на системот за финансирање, изготвување и извршување на Буџетот на Република Македонија, трезорскиот систем, управување со јавниот долг, даночниот систем и даночната политика, царинскиот систем, системот на девизното работење, системот на банките и другите финансиски институции, системот на сметководството, ревизијата и платниот промет, внатрешната контрола, заемите, макроекономската и развојната политика, подготвување и проекција на платниот биланс, управување со капиталот, странска помош и компензационите фондови, системот на јавните набавки, сопственоста и другите имотно-правни односи.

Приоритети и цели на Министерството за финансии за 2014 година се: реформи на полето на јавните финансии, одржување на макроекономска стабилност, позасилена наплата на изворните приходи и други приливи, обезбедување на рационално и наменско користење на буџетските средства, управување со ликвидноста на средствата на краток и среден рок, и управување со јавниот долг.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 689
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 680

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на одржани обуки за јавни набавки: 24

## 09002 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ – ФУНКЦИИ НА ДРЖАВА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 22.321.016 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Во рамките на буџетот на овој раздел за 2014 година опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по

претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање на ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поделните компоненти од ИПА (национално ко-финансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање на елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година. Основни цели се: ефикасно извршување на функциите на државата, навремено и целосно финансирање на активностите на Владата на Република Македонија, кои при планирањето на Буџетот не можеле да се утврдат. Во Буџетот за 2014 година е планирана реализација на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија–Смоквица, со кој се предвидува изградба на нова модерна автопатска делница со што ќе се комплетира главната оска од Коридор X. Овој проект е планирано да се финансира од сопствени средства, користење на кредитно задолжување и средства од ИПА фондовите.

## 09003 ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 945.669 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Приоритети и цели на Царинската управа за 2014 година се: обезбедување на наплата на приходите согласно планираното, спроведени истраги за спречување на корупцијата, преземање на превентивни мерки за можни злоупотреби од аспект на професионалното работење од страна на царинските службеници, засилување на механизмите за континуиран надзор, борба против организиран криминал, олеснување на трговијата и зголемен број на спроведени контроли и дополнителна наплата, поврзување на едношалтерски систем за увоз и извоз и контрола при единствено застапување ЕС/КЕЗ со новиот ИТ систем на Царинската управа за електронска обработка на царински декларации.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 1.145

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 717

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Надоместоци за направени услуги во царинска постапка (во илјади денари): 60.300

## 09004 АГЕНЦИЈА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 244.215 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Агенцијата за стоковни резерви управува со користењето и располагањето со стоковните резерви на Република Македонија. Активностите во наредната година ќе бидат насочени кон успешно управување, користење и располагање со стоковните резерви на Република Македонија, во согласност со законот и целосно задоволување на потребите на државата.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 30
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.514

## 09005 УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.103.252 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Управата за јавни приходи ги врши работите што се однесуваат на утврдување и наплата на даноци и на други видови јавни приходи во согласност со закон заради финансирање на јавните расходи.

Приоритети и цели на Управата за јавни приходи за 2014 година се зголемен обем на наплата на даноците и социјалните придонеси, модернизација и ефикасна организација на вработените и подобрување на услугите кон даночните обврзници.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 1.258
Оперативни расходи по вработен ( во илјади денари): 813

## 09006 УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 33.323 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Управата за финансиска полиција е специјализиран државен орган кој се грижи за доследна примена на прописите, особено од областа на финансиското, даночното и царинското работење. Целите и активностите на Управата за финансиска полиција во 2014 година ќе бидат насочени кон спроведување на финансиската контрола, прибирање и анализирање на податоци за готовински трансакции, преземање предистражни и други мерки кога постојат основи на сомнение за сторени кривични дела од областа на финансиите и вршење контрола на примената на даночните, царинските и други прописи.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 28

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.069

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на извршени контроли: 520

## 09007 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: 874.500 **илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати врши управни, стручни и други работи во врска со задолжителните резерви на нафта на Република Македонија, носител е на имплементацијата на директивите на ЕУ во врска со потребите од чување и одржување на задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, го проектира и остварува постепеното зголемување на резервите и е единствен орган во Република Македонија кој се грижи за нафтените резерви.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 9
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 3.205

## 09008 ДРЖАВЕН ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОРАТ
ВКУПЕН БУЏЕТ: **4.482 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државниот девизен инспекторат извршува активности кои се однесуваат на инспекциски надзор врз правилна примена на прописите од областа на девизното работење на резидентите и на нерезидентите, следење и проучување на законските и подзаконските прописи од областа на девизното и надворешно-трговското работење, превземање мерки за отстранување на утврдените неправилности незаконитости, изготвување на барања за поведување на прекршочна постапка и превземање на законски мерки по утврдените неправилности.

## 10001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
ВКУПЕН БУЏЕТ: **671.481 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Во текот на 2014 година продолжуваат активностите за мултилатерална и билатерална соработка, либерализиран трговски режим и создавање на соодветна регулаторна рамка во согласност со стандардите на ЕУ и барањата на СТО, подобрување на деловната инвестициона клима, развој на инвестициите и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија, развој на енергетика, претприемништво, конкурентност и иновативност на мали и средни претпријатија, регулирање на внатрешен пазар, меѓународни трговски односи и промоција на извозот,

искористување на природни ресурси, развој на туризмот, како и хармонизација на законодавството на Република Македонија со законодавството на ЕУ.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 551
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 589

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на домаќинства кои ќе добијат субвенции за дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи: 350
Број на усвоени стандарди: 1.500
Број на пријави за акредитација: 140
Број на претпријатија и лица вклучени во програмата за ваучерско советување: 60

## 10002 АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВКУПЕН БУЏЕТ: **563.650 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА
Основна цел на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија е обезбедување зголемен прилив на странски директни инвестиции преку презентирање на поволностите кои Република Македонија ги нуди на инвеститорите, промовирање на регионите на Република Македонија и поттикнување на странските инвеститори да користат производи и услуги од македонските претпријатија. Во 2014 година се продолжува со активностите поврзани со aftercare третман на веќе присутните инвеститори во Република Македонија преку директно детектирање на потребите за реализација и имплементација на инвестициониот проект во секоја негова фаза.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 68
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 3.877

## 10003 АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ
ВКУПЕН БУЏЕТ: **238.711 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА
Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот е самостојно правно лице чија основна цел е унапредување и промоција на туризмот на Република Македонија во земјата и странство, промовирање на вкупниот туристички потенцијал, развивање и промовирање на нови туристички понуди. Во 2014 година продолжуваат активностите за унапредување на туристичката понуда на Република Македонија, како и активностите за зголемување на бројот на странски туристи.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 18
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 4.612

## 10004 ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: **656.205 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Дирекција за технолошки индустриски развојни зони ги врши работите поврзани со основање, развој и следење на зоните, промовирање и привлекување основачи и корисници на зоните, го следи работењето на зоната и предлага мерки до Владата на Република Македонија за нивно унапредување, во случај кога Владата на Република Македонија е основач на зона, ги врши работите од надлежност на основачот на зоната, како и други активности согласно закон.

Во текот на 2014 година ќе продолжат активностите за реализација на проекти за инфраструктурно уредување на ТИР зоните во Република Македонија во насока на обезбедување оперативни услови за влез на нови инвеститори, зголемување на вработеноста и економскиот раст. Се продолжува со активностите за привлекување потенцијални странски и домашни инвеститори како и со услугите за подршка и грижа за инвеститорите во ТИР зоните преку остварување на директна комуникација и решавање на тековни проблеми во врска со работењето во зоните.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 50
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 3.024

## 10005 ДРЖАВЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: **92.125 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државниот пазарен инспекторат врши инспекциски надзор над примена на закони и прописи, надзор над пазарот на производи и услуги, безбедност на производи, заштита на потрошувачи, промет на предмети од скапоцени метали, техничка сообразност на производи, контрола на употреба на мерни единици и мерила во промет, туристичка дејност, заштита на авторски права и други сродни права на пазарот и други работи определени со закон.

## 10006 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: **11.993 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државниот технички инспекторат, донесува технички прописи, врши инспекциски надзор над примена на закони и технички прописи при

користење на техничка опрема, донесува решенија за ставање во употреба на техничка опрема, како и води евиденција на независни правни лица кои ги исполнуваат услови за вршење на технички преглед и периодични испитувања определени со Законот за техничка инспекција.

## 11002 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

ВКУПЕН БУЏЕТ: 34.544 **илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државниот завод за индустриска сопственост е самостоен орган на државна управа кој ги извршува работите во врска со стекнување и заштита на правата од индустриска сопственост.

Активностите на Заводот во 2014 година ќе бидат насочени кон: спроведување постапки за стекнување и заштита на правата од индустриска сопственост; промовирање на заштитата на индустриската сопственост; понатамошно усогласување на системот на заштита на правата на индустриска сопственост со европските и светските стандарди; интегрирање во регионалните и меѓународните системи на заштита на индустриската сопственост; јакнење на системот на индустриска сопственост и зголемување на ефикасноста во спроведувањето на управната постапка.

ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 34

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 960

АУТПУТ **ИНДИКАТОР:**

Број на издадени документи во постапката за признавање на правата за индустриска сопственост: 26.700

## 12101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

ВКУПЕН БУЏЕТ: 643.483 **илјади** денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Во 2014 година Министерството за животна средина и просторно планирање ќе спроведува активности за реализација на проекти од областа на заштитата и унапредување на животната средина и одржливиот развој, во чии рамки е опфатена валоризацијата и ревалоризацијата на природните вредности, изградбата на канализациони мрежи, водоснабдителни системи, изградбата на филтер станица на системот за водоснабдување во општина Гостивар, фекална канализација во општина Арачиново, изградбата на пречистителни станици во н.м. Волково, општина Ѓорче Петров, Глумово-Шишево, општина Сарај, пречистителна станица во општина Гевгелија, системи за водоснабдување во општините Липково, Тетово и Зајас и сл. Понатаму ќе се реализираат активности за изработка на

просторни планови, за мониторинг на бучава, квалитетот на воздухот, на водите и слично, како и спроведување на инспекциски надзори од страна на Државниот инспекторат за животна средина. Исто така, министерството ќе спроведува активности за следење и проучување на состојбите со водите, одржување и подобрување на режимот на водите.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 219
Оперативни расходи по вработен ( во илјади денари): 1.011

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на финансиски проекти: 25
Број на просторни планови: 2

## 12102 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
ВКУПЕН БУЏЕТ: **8.157 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државниот инспекторат за животна средина работи во согласност со законските прописи и други правни акти со кои се регулирани прашања од сферата на заштитата и инспекциски надзор во животната средина и природата. Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на техничко-технолошките мерки за заштита на воздухот, водите, земјиштето, флората и фауната од деградирање и загадување, заштита на гео и биодиверзитетот, посебното природно богатство (национални паркови, споменици на природата, парк шуми, орнитолошки резервати и други заштитени со закон подрачја), заштита на озонската обвивка, заштита од штетна бучава во животната средина и заштита од нејонизирачки зрачења во заштитени подрачја.

## 13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: **3.448.285 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Министерството за транспорт и врски спроведува активности од областа на унапредувањето на сообраќајот, телекомуникациите и внатрешната езерска пловидба, социјалното домување, урбанизмот, градежништвото и управувањето со градежното земјиште. Во рамките на овие активности е вклучен проектот за изградба на гасификациона мрежа во Република Македонија, изградба на водоснабдителни и канализациони системи со кредит од ЕИБ и KFW банка, модернизација на железничката инфраструктура, доградба на управната зграда на министерството и изработка на урбанистички планови на населените места.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 329
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 705

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на објавени и спроведени постапки за јавни набавки : 90
Број на распределени ЦЕМТ дозволи: 1300

## 13004 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 19.698 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државниот инспекторат за транспорт врши инспекциски надзор во областа на: патиштата, патниот сообраќај и режимот на сообраќајот на јавните патишта и други видови на транспорт и инфраструктурата која е неопходна за вршење на транспортот (жичари и ски лифтови и слично). Инспекторатот врши непосреден увид во придржувањето кон законите и други прописи за кои е надлежен и презема управни и други мерки согласно законските овластувања.

## 13005 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 11.759 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам врши инспекциски надзор согласно одредбите на Законот за градење и Законот за просторно и урбанистичко планирање, како и подзаконските акти кои ја регулираат оваа материја, врши надзор над работата на Единиците на локалната самоуправа надлежни за спроведување на законите од оваа област.

## 13006 ДРЖАВЕН КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 11.372 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државниот комунален инспекторат врши инспекциски надзор во областа на комуналните дејности, односно: инспекциски надзор над јавните претпријатија за вршење на комунални дејности основани од Владата на Република Македонија; инспекциски надзор над правни и физички лица на кои од Владата на Република Македонија им е доверено вршење на соодветна комунална дејност; инспекциски надзор над законитоста на работењето на субјектите од комунална дејност; посети на единиците на локалната самоуправа на работна тема (комунални проблеми, организации, функционирање и предлог мерки за надминување на проблемите); контрола и надзор на јавни објекти од аспект на комунална проблематика како што се патни гранични премини, аеродроми и друго; како и контрола и надзор на правни и физички лица во општините каде што нема назначено комунални инспектори.

## 14001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

ВКУПЕН БУЏЕТ: **700.426 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство е орган на државна управа кој ги дефинира политиките од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството и руралниот развој и спроведува мерки и активности во насока на економско искористување на природните ресурси на одржлив начин преку мерки за поддршка на развојот на полјоделското и сточарското примарно земјоделско производство; преработка и маркетинг на земјоделски производи од животинско и растително потекло; обезбедување одржлив и економски развој на руралните средини; го унапредува ловстовото и риболовот; обезбедува заштита за здравјето на растенијата; го подобрува генетскиот растителен потенцијал и врши инспекциски надзор во областите од надлежност на МЗШВ.

Во текот на 2014 година активностите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе бидат насочени кон реализација на следните приоритети и цели: искористување, доразвивање и поврзување на базите на податоци во мрежата на МЗШВ, успешно доделување на државно земјоделско земјиште под закуп од преостанатото државно земјоделско земјиште, евидентирање на сите социјални и економски партнери во земјоделството, водење на регистри за земјоделско производство и откуп, воспоставување на регистри за признати организации на одгледувачи на добиток, реализација на Заедничката Основна Програма за Одгледување на Добиток (ЗОПОД) за период од 2011-2020 година, поттикнување на форми на здружување на земјоделците и производителите на храна заради зголемени количини и конкурентност, планирање и управување со рибите во риболовните води, обезбедување на стандардна заштита на здравјето на граѓаните преку следење, детерминирање и одредување на мерки за заштита и сузбивање на штетни организми, контрола и евиденција над производство на сертифициран семенски и саден материјал, трајно чување и одржување семенски и саден материјал од автохтони видови и признаени сорти, реализирање на Програмата за проширена репродукција на шумите, развој и унапредување на ловството, намалување на бројот на бесправни сечи во Република Македонија, ефикасно користење на водите и водостопанските објекти, реконструкција на основните хидротехнички објекти на хидросистемите и доградба на системи за наводнување, преструктуирање на водостопанството со цел ефикасно, рационално и одржливо управување и поголем степен на искористување на системите за наводнување, водоснабдување и одводнување.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 1030

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 483

АУТПУТ **ИНДИКАТОР:**
Број на извршени контроли по инспектор од Државниот инспекторат за земјоделство: 231
Број на потпишани договори за реализација на активностите за Програмата за проширена репродукција на шумите: 40

## 14002 АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО- БИТОЛА

ВКУПЕН БУЏЕТ: 65.430 **илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството е одговорна за давање на услуги преку практична имплементација на научни и технички сознанија, преку соработката и јакнење на земјоделските здруженија, активности за спроведување на владини програми и мерки наменети за приватниот земјоделски сектор, воспоставување и користење на информативни системи и различни бази на податоци во функција на подобрено следење на земјоделската активност, размена на информации со заинтересираните страни наменети за земјоделските производители.

Во текот на 2014 година Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството ќе реализира активности според планираниот обем и динамика на Годишната програма за работа, кои опфаќаат пристап на советниците на терен кај земјоделските производители и ефикасно информирање со поддршка во аплицирањето на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и ИПАРД програмата. Во текот на годината ќе се одвива во континуитет Системот за мониторинг на фарма – ФАДН.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 128
Оперативи расходи по вработен (во илјади денари): 511

АУТПУТ **ИНДИКАТОР:**
Број на земјоделски стопанства за кои се прибираат податоци и изготвуваат извештаи за економски и физички параметри во рамки на ФМС/ФАДН: 600
Број на земјоделски стопанства корисници на советодавни услуги: 4.000
Број на контактирани земјоделски производители за навремено информирање како и поддршка во реализација на владини програми: 50.000

## 14003 УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ

ВКУПЕН БУЏЕТ: 98.452 **илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Управата за хидрометеоролошки работи врши хидролошки и метеоролошки работи кои опфаќаат активности поврзани со развојот и функционирањето на хидролошкото бдеење, истражувањата на

атмосферата, почвата и водните ресурси и работите на примената на хидрологијата и метеорологијата. Исто така, Управата ги извршува меѓународните обврски на Република Македонија во областа на метеорологијата и хидрологијата, следење на квалитетот на водите и квалитетот на воздухот и го координира нивното извршување.

Во текот на 2014 година ќе се спроведуваат редовни активности од областа на хидрологијата, следење на примарните појави и процеси во атмосферата, почвата и водните ресурси и нивното влијание врз животната средина и природата, изготвување на проекти и програми од областа на хидрометеоролошките истражувања и работи на примена на хидрологијата и метеорологијата за потребите на стопанството и интензивирање на меѓународната соработка и евроинтеграционите процеси во областа на хидрометеоролошката дејност.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 189
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 515

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на серии на квантитативни и квалитативни мерења на водите: 12
Број на извештаи од метеоролошките, климатолошките, дождомерните и фенолошките станици во Републиката: 12
Број на обработени извештаи за метеоролошките параметри врз основа на кои се изготвува временска прогноза: 365

## 14004 АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 8.533.055 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој е надлежна за извршување на мерките за директни плаќања во земјоделството и руралниот развој, поддршка и развој на земјоделството и руралните средини преку искористување на средства од Буџетот на Република Македонија и Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската унија (ИПАРД). Главни функции на Агенцијата се одобрување на проекти, прибирање и обработка на податоци, одобрување и извршување на плаќања во областа на земјоделството и руралниот развој, спроведување контроли, внатрешна ревизија и сл.

Во текот на 2014 година, активностите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе бидат насочени кон успешна и целосна реализација на средствата од ИПАРД Програмата, Програмата за финансиска поддршка во земјоделството, Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој и Програмата за рибарство и аквакултура, како и добивање на акредитација од страна на Европската комисија за користење на средства од претпристапната помош на ЕУ за рурален развој за останати мерки од ИПАРД програмата.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 152
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 549

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на одобрени апликации за користење на финансиска поддршка во земјоделството: 160.000
Број на одобрени апликации за користење на финансиска поддршка на руралниот развој: 750

## 14005 АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 404.108 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Агенција за храна и ветеринарство е основана за вршење на работите од областа на безбедноста на храна и храна за животни, заштита на интересите на потрошувачите, спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности во областа на здравствената заштита на животните, нивна благосостојба, ветеринарното јавно здравство, заштита на животната средина од отпад од животинско потекло преку контрола на прописи усогласени со стандардите на Европската унија.

Во 2014 година ќе се преземат активности за зајакнување на воспоставениот функционален систем за безбедност и квалитет на храната, унапредување на функционалниот систем за контрола на безбедноста на храната од животинско потекло, понатамошно усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија во рамките на Поглавјето 12-Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика. Исто така ќе се спроведува контрола, инспекција, мониторинг и супервизија низ целиот синџир за храна, со цел да се гарантира дека храната е во согласност со највисоките стандарди за безбедност и хигиена на храната, како и да гарантира дека храната е во согласност со законските барања.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 302
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 579

## 14006 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 50.977 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државниот инспекторат за земјоделство е надлежен да врши надзор над спроведувањето и извршувањето на законите и другите прописи од страна на државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва, установите, физичките и правните лица кои вршат дејност од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството со аквакултурата, квалитет на земјоделски производи и безбедност на храна од примарно растително

потекло и фитосанитарна политика, да врши надзор во прометот, преглед и контрола на растително производство и фазите на доработка, увоз, извоз и транзит на земјоделски производи, да зема мостри и доколку е сторен прекршок да отпочне прекршочна постапка.

## 14007 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО
ВКУПЕН БУЏЕТ: 16.546 **илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државниот инспекторат за шумарство и ловство врши инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законските прописи и подзаконските акти од Законот за шумите, Законот за ловството, Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, Законот за семе и саден матерјал, Законот за заштита на растенијата од болести и штетници, како и на претпријатија што вршат одгледување и заштита на шумите со посебна намена, претпријатија што се бават со шумско расадничко производство, ловни друштва, здруженија на ловци и други субјекти кои користат дивеч во ловиштата и претпријатијата што се занимават со промет и преработка на дрвото.

## 15001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 33.633.899 **илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Министерството за труд и социјална политика е буџетска институција надлежна за развивање, контрола и спроведување на политиките во областа на работните односи и вработувањето, пензиско и инвалидско осигурување, спроведување и унапредување на системот на социјална заштита и детска заштита и води грижа за благосостојбата на семејството, ранливите групи на популацијата, децата и возрасните засегнати од социјален ризик.

Во областа на социјалната и детската заштита приоритет е реформирање на системот во функција на подобрување на таргетирањето на корисниците на надоместоците на социјални надоместоци и детскиот додаток, имплементација и продолжување на процесот за децентрализација според утврдените мерки и политики, обезбедување на одржлив систем за социјална заштита и подобрување, зголемување на бројот на опфатени деца во детските градинки, изградба на нови капацитети за опфат на деца, инклузија на деца од ромската популација во предучилишно образование, континуирано згрижување на бездомници и функционирање на народните кујни и друго.

ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 1.899

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 515

## 15002 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 54.083 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Организацијата и надлежностите на Државниот инспекторат за труд се уредени со Законот за инспекцијата на трудот, согласно кој овој орган врши надзор над примената на законите и другите прописи за работните односи, вработувањето, безбедност и здравје при работа, колективните договори, договорите за вработувања и другите акти со кои се уредуваат правата, обврските и одговорностите на работниците и работодавачите во областа на работните односи, вработувањето и безбедност и здравје при работа. Државниот инспекторат за труд во соработка со другите органи врши заеднички надзори во повеќе дејности.

Во областа на работните односи и вработувањето приоритет на Државниот инспекторат за труд е борбата против непријавена работа како и обезбедување на безбедноста и здравјето на вработените преку редовни контроли и контролни надзори за отстранување на констатираните недостатоци.

## 16001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 22.387.158 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Министерството за образование и наука ја креира и реализира политиката во областа на воспитанието и образованието од сите видови и степени. Покрај ова, неговите надлежности се однесуваат и во делот на образованието на возрасни, организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на образованието, воспитанието и науката, воспитанието и образованието на деца со посебни образовни потреби и децата на нашите работници на привремена работа и престој во странство, верификација на струките профилите во образованието, ученичкиот и студентскиот стандард, технолошкиот развој, информатичката и техничката култура, информацискиот систем и други активности поврзани со образованието.

Во текот на 2014 година активностите на Министерството за образование и наука ќе бидат насочени кон подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување на стратегии и реформи во образованието и науката, осовременување на образовниот систем и науката со цел да се обезбедат компетенции потребни за пазарот на трудот и развој на економијата, како и поголема примена на достигнувањата на современите информациско комуникациски технологии за зголемување на образовното ниво.

Истовремено една од основните цели е и целосен опфат на децата во основното и средното образование, зголемување на квалитетот на системот за основно и средно образование, реализалирање на високо образовната дејност која ги опфаќа додипломските, последипломските и докторските студии. Во текот на годината ќе се врши и подобрување за квалитетот на услугите за сместување во ученички студентски домови, континуитет и транспарентност при доделување на стипендии за ученици и студенти,

развој на научно-истражувачката дејност, техничката културата и технолошкиот развој. Континуираното вложување во капиталните инвестиции овозможува подобрување на опременоста и условите за изведување на наставата во училиштата и домовите со изградби и реконструкции на истите, како и реализација на Проектот 145 Училишни спортски сали.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 5.766
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.117

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на стипендирани средношколци Роми запишани во 1ва, 2ра, 3та и 4та година во јавните и приватните средни училишта во РМ: 600
Број на учесници вклучени во процесот на образование на возрасни: 1.280
Број на студенти во високото образование: 34.300
Број на ученици сместени во ученички домови: 2.650
Број на ученици сместени во студентски домови: 6.000
Број на научно-истражувачки проекти: 300

## 16002 БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 221.115 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Главна цел на Бирото за развој на образованието за 2014 година е подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштата преку следење, истражување, унапредување и развој на воспитно-образовната дејност во предучилишното, основното, гимназиското, средното стручно (општо образовните предмети) и специјалистичкото образование и образование на децата со посебни потреби, како и имплементирање на новите наставни програми во основното образование. Истовремено активностите ќе бидат насочени кон изготвување и имплементирање на новите наставни програми во Гимназиското образование и програмите за општо образовните предмети во средното стручно образование, како и изготвување на нови наставни програми за учениците со посебни потреби, развојни истражувања во основното и средното образование, споредбена анализа во образованието и следење на работата на училиштата, спроведување на Државна матура, оценување на тест книшките за сите екстерни испити и изготвување и објавување на конечни резултати од државна матура, екстерна проверка на постигањата на учениците од основното и средното образование во Република Македонија, развој и подготовка на наставни програми за средно стручно образование и постсредно образование, анализа и проучување на образованите системи, посебно на системите за стручно образование, анализа и проучување на структурата на нашиот систем за стручно образование и на одделните нивоа и видови стручно образование.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 166

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.286

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на јавни набавки: 10
Број на изготвени прашања за екстерно проверување на постигањата на учениците: 273.550
Број на изготвени тестови за државна матура: 70.000
Број на изготвени тестови за екстерна проверка на постигањата на учениците: 225.000
Број на ученици што ќе се тестираат преку меѓународната студија ПИСА: 1.500

## 16003 НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ
ВКУПЕН БУЏЕТ: **141.226 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност е согласно своите законски надлежности ги врши работите за децентрализирано менаџирање и имплементација на Програмата за Доживотно учење и Програмата Млади во акција како специфична структура за кординирано менаџирање на имплементација на Програмата за Доживотно учење и Програмата за Млади во акција на национално ниво. Како самостојна јавна институција, Националната Агенција има улога во процесот на европска интеграција на Република Македонија и обезбедување на зголемена размена, соработка и мобилност во областа на образованието, обука меѓу младите, вклучувајќи ги и оние со посебни потреби.

Во текот на 2014 година активностите ќе бидат насочени кон обука на крајните корисници на програмите за Доживотно учење и Млади во акција кои имаат регионален опфат на целата територија на Република Македонија. Во овие обуки ќе бидат опфатени училишта, универзитети, општини, јавни институции, НВО и индивидуалци. Се очекува имплементираните проекти да ја зголемат свеста и информираноста за ЕУ и да овозможат граѓаните, компаниите и националната администрација на земјите кандидати да се приклучат во соработката и мрежите на размени во разни области опфатени со програмите на заедницата, а со тоа да можат да извлечат поуки од искуствата на други партнери.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 21
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 918

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на лица кои што ги поминале обуките за користење на фондовите на ЕК од Програмите за Доживотно учење и Програмите за Млади во акција: 1700

## 16004 ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 19.183 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државниот просветен инспекторат врши редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори и интегрална евалауција, дава оценка на состојбите од аспект на почитување на законитоста од страна на воспитно-образовните, високо-образовните установи и научни институти, изготвува упатства и инструмент за вршење интегрална евалауција, врши интегрална евалуација на воспитно-образовни установи-основни и средни училишта, дава препораки за подобрување на утврдените состојби во основните и средните училишта, високо-образовните установи и научни институти и воспоставува и развива информативно-документациски систем во областа на образованието согласно законската регулатива.

Во текот на 2014 година Државниот просветен инспекторат ќе врши надзор над исполнетоста на образовните стандарди, обезбедувањето квалитет на образованието, ефективноста преку евалуација на работата на воспитно-образовните установи како и, примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на воспитанието и образованието.

## 16101 АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ
ВКУПЕН БУЏЕТ: **494.843 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Агенцијата за млади и спорт спроведува активности во насока на развој на масовниот и врвниот спорт во земјата, следење на спортските активности и спортско-рекреативни активности и помагање на различните облици на организирање на младите. Агенцијата своите програмски определби ги темели врз Програмата за развој на спортот во Република Македонија за периодот 2013-2017 година и е насочена кон поттикнување на спортските активности на децата и младите во рамките на националните спортски федерации, поттикнување и помагање во организацијата на спортски приредби и манифестации, како и поддршка на проектот за финансирање на талентирани спортисти кои се стекнале со категорија-спортска надеж, спортско национално признание и со светска и меѓународна категорија. Воедно, Агенцијата реализира конкретни проекти за изградба на современи спортски објекти.

ИДИКАТОРИ:
Број на вработени: 37
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 946

АУТПУТ ИНДИКАТОРИ:
Опфат на граѓани со активности во дејноста спорт: 9%
Број на спортски учесници во меѓународниот систем на натпревари: 1.100

## 17001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 379.222 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Активностите на Министерството за информатичко општество и администрација се ориентирани кон спроведување на проекти од областа на градењето на информатичко општество креирајќи услови за искористување на придобивките кои произлегуваат од информациско-комуникациските технологии, спроведување на реформата во јавната администрација преку законско уредување на прашањата во врска со администрацијата и примената на прописите што се однесуваат на државните и јавните службеници, водење регистар за државните и јавните службеници, развивање на политики поврзани со правата, обврските, одговорностите и оценувањето на државните и јавните службеници и подготвка на стратешки документи за ефикасно и ефективно работење на администрацијата. Министерството континуирано работи на исполнување на целите за зајакнување на телекомуникациската, радиодифузната инфраструктура и информатичкото општество во рамки на државниот и приватниот сектор.

ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 126

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 928

АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Број на институции вклучени во проектот интероперабилност: 15

## 17002 ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 15.235 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Активностите на Државниот управен инспекторат се во согласност со Законот за управната инспекција и Законот за инспекциски надзор и се концентрирани кон вршење на инспекциски надзор во органите на државната управа, другите државни органи, организации, установи и други правни лица, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје. Предмет на надзорот е примената на Законот за општата управна постапка и другите закони што содржат одредби за управна постапка, понатаму инспекциски надзор над примената на Законот за јавните службеници, Законот за државните службеници и прописите кои се донесени врз нив, како и надзор над извршувањето на прописите за канцелариско работење.

## 18001 МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: **394.918 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Министерството за култура своите активности во 2014 година ќе ги реализира преку следење, анализирање и предлагање на акти и мерки за развој и унапредување на културата: организација, финансирање, развој на мрежа на националните установи и финансирање на програми и проекти од национален интерес во областа на: литературата и издавачката дејност, филмската и драмската дејност, музичката, музичко-сценската дејност и дејности на домовите на културата, визуелната и ликовната уметност, архитектурата и галериската дејност, библиотечната дејност, музејската и кинотечната дејност, недвижното културно наследство, заштитата на авторското и сродните права, надзорот во културата и други работи утврдени со закон.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 189
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 649

## 18010 ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 3.755.005 **илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Со финансирањето на дејностите од областа на културата во текот на наредната година ќе се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организации од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивно реализирање на капиталните проекти .

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 2.440
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 449

## 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 6.238.218 **илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Основни приоритетни цели во 2014 година се: натамошно подобрување на здравствената состојба на населението преку подобрена достапност на здравствените услуги за населението, зголемување на покривањето со вакцини на населението, централизирана набавка на инсулин, обезбедување на болничко лекување без наплата на

партиципација за пензионери со пензија пониска од просечната во Република Македонија, подобрување на примарните и јавните здравствени услуги, особено подобрувањето на здравствените услуги во руралните и оддалечените места, отварање на амбуланти во руралните средини, целосно здравствено осигурување на населението, изградба на ПЕТ центар, континуирана набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ во РМ, како и набавка на амбулантни возила со медицинска опрема, континуирана реализација на Проектот за реконструкција и доградба на објектите на ЈЗУ во РМ, реализација на проектот за имплементација на здравствената картичка, имплементирање на нови здравствени програми, како и финансирање на националната програмата за трансплантација.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 210
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.137

## 19002 ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 38.906 **илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Основната задача на Државниот санитарен и здравствен инспекторат е организирање, следење и вршење на инспекциски надзор над спроведување на законите и другите прописи од областа на санитарно-хигиенската, епидемиолошката и здравствената заштита на населението, здравственото осигурување, евиденциите во областа на здравството, заштита на правата на пациентите, безбедност во снабдувањето со крв, биомедицинското потпомогнато оплодување, безбедност на детски играчки, козметички средства и предметите за општа употреба, надзор над спроведување на мерките за спречување на ширењето и сузбивањето на заразните болести, со цел заштита на населението од заразни болести. Целта на задачите на инспекторатот е да се обезбеди подобрена санитарно-хигиенска, епидемиолошка, здравствена заштита на населението, остварени права од здравствено осигурување на здравствените осигуреници, намален број на заразни болести, подобрена евиденција во областа на здравството и почитување на правата на пациентите.

## 19101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 354.099 **илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Министерството за локална самоуправа извршува задачи, обврски и активности поврзани со развој и предлагање на мерки за унапредување на ЕЛС, територијална поделба и развивање на стандарди за големината, населението и потребите на единиците на локалната самоуправа, предлози поврзани со системот, политиката, мерките и инструментите за остварување рамномерен регионален развој, надзор над законитоста на работата на органите на ЕЛС и градот Скопје. Истовремено, Министерството

за локална самоуправа е координатор на процесот на децентрализација, ги програмира политиките поврзани со децентрализација и го следи развојот на општините.

Во 2014 година активностите на Министерството за локална самоуправа ќе бидат насочени кон заокружување на процесот на децентрализација и јакнење на децентрализираниот систем и фискалниот капацитет на единиците на локална самоуправа, создавање на услови за постепено подигнување на степенот на развиеност на планските региони на Република Македонија до просечниот степен на развиеност на регионите во Европската Унија, подготовка на општините за вклучување во евроинтегративните процеси преку создавање на капацитети за користење на предпристапните фондови, како и активности поврзани со унапредување на прекуграничната соработка.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 45
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 863

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на извршен увид на прописите на општините: планирано 1.000

## 19102 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.339 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државниот инспекторат за локална самоуправа спроведува активности кои се однесуваат на вршење на надзор над законитоста на прописите на општините вклучително и надзор над постапката за донесување на прописите. Во рамки на своите надлежности Државниот инспекторат за локална самоуправа спроведува три вида на надзор и истиот го спроведува преку увид на прописите на општините кои општините ги доставуваат до инспекторатот во форма на службени гласници. Исто така, Државниот инспекторат за локална самоуправа надзорот го спроведува и преку увид во прописите на општините, а во врска со добиени претставки или иницијативи.

## 19201 АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 19.278 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Агенцијата за иселеништво ги врши работите што се однесуваат на положбата и правата на иселениците од Македонија, помага на културниот развој и унапредување на врските со нив и нивните здруженија.

Агенцијата за иселеништво ќе продолжи со подготовките за одржување на Бизнис форум на иселеници-бизнисмени, мапирање на иселениците преку ажурирање на базата на податоци на иселениците според одредени професии (бизнисмени, научници, уметници, спортисти),

одржување на традиционалната годишна конференција на иселенички организации со цел дефинирање на приоритетите во настапот и соработката со иселениците, унапредување на врските со иселеничките организации и вклучување на иселениците во јавниот и економскиот живот на државата, поттикнување на иселениците од Македонија за стекнување со државјанство на Република Македонија и ангажирање да го остварат своето избирачко право во средината каде живеат и стекнат право на глас без оглед дали претходно имале живеалиште во Република Македонија, одржување на традиционалната Летна школа на македонски јазик во Република Македонија со цел усовршување на македонскиот јазик на децата на македонските иселеници.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 20
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 963

## 19302 КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
ВКУПЕН БУЏЕТ: **13.826 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Во 2014 година главни приоритети во работењето на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер претставуваат активностите поврзани со обезбедување на јавност и отвореност во работењето на имателите на информации, обезбедување помош на физичките и правните лица да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и донесување на решенија по жалби на баратели на информации од јавен карактер, по одбивањето или недавањето на информации од јавен карактер од првостепените органи.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 19
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 726

## 20001 КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ
ВКУПЕН БУЏЕТ: **11.083 илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи како самостоен државен орган ги реализира активностите што произлегуваат од Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група. Во таа насока, Комисијата презема активности во делот на разрешување на сите прашања што ќе се појават помеѓу верските заедници и државните органи, подготовка на информации и извештаи од областа на остварувањето на верските права и слободи во Република Македонија, како и активности за промоција на верскиот соживот.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 13
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 699

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Решенија за издавање одобренија за привремен престој на странски верски лица: 140

## 21001 АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 685.077 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Агенцијата за катастар на недвижности ги врши работите на управувањето со податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем, одржување на катастар на недвижности, востановување и одржување на катастарот на инфраструктурни објекти, основни геодетски работи, геодетски работи за посебни намени, премерот на недвижностите во функција на катастарот на недвижностите, премерот и одржување на државната граница на Република Македонија, топографските карти, масовна проценка на недвижностите, воспоставување и управување со Графичкиот регистар за градежно земјиште, водење на Регистар за просторни единици, улици и куќни броеви.

Во текот на 2014 година предвидено е дигитално одржување на катастарските планови, интеграција на графичка со алфанумеричка база на податоци, ажурирање на векторизирани архивски оригинали, воведување на електронска архива и Скен центар, како и ефикасно опслужување на потребите и барањата на сите категории на корисници на јавните услуги на Агенцијата, нов пристап до просторните информации и нивен мониторинг и намалување на просечно време за решавање на предмети.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 908
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 548

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на изработени ДТК во размер 1:50000: 23
Број на интегрирани катастарски општини: 1000
Процент на територија на РМ со дигитално одржување на катастарски планови: 50%

## 22001 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 195.517 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државниот завод за статистика ги врши работите што се однесуваат на прибирање, обработка, анализа, објавување на статистички податоци за

голем број појави од демографскиот, социјалниот и економскиот живот на земјата, презентира и дава статистички податоци и ја утврдува нивната точност, на овластените носители за спроведување на статистички истражувања дава мислења за методолошките основи, подготвува статистички прогнози, трендови и модели и други аналитички податоци и индикатори.

Во 2014 година активностите на Државниот завод за статистика ќе бидат насочени кон остварување на следните приоритети и цели: продолжување на процесот на хармонизирање на македонската статистика со статистиките на Европската Унија, подготовка и донесување на статистички стандарди усогласени со стандардите на Европската Унија, вклучување на Државниот завод за статистика во креирањето и ажурирањето на административни збирки на податоци, јакнење и координација на националнио статистички систем и намалување на временскиот период од прибирањето до објавувањето на статистичките податоци.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 296
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):519

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на реализирани статистички истражувања: 50
Број на донесени правни прописи на статистичка легислатива: 5

## 24001 ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 117.634 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Државниот архив на Република Македонија презема активности поврзани со вршење на инспекциски надзор врз имателите на архивска граѓа, давање на стручна помош во одбирањето на архивска граѓа, евидентирање на архивската граѓа и нејзино преземање и уништување на документираниот материјал со изминат рок, чување, стручно одржување и преземање на техничко технолошки мерки за заштита на архивската граѓа, како и истражување на архивска граѓа во странство од интерес на Република Македонија.

Во 2014 година активностите на Државниот архив на Република Македонија ќе бидат насочени кон изработка на архивски знаци и листа на категории, рационализација на просторот во депоата, утврдување на конечна локација на фондовите по гранки и дејности, микрофилмување на архивската граѓа од прва категорија и конзервација и реставрација на оштетената архивска граѓа, како и спроведување на активности од билатерален и мултилатерален план, потпишување на договори за соработка со повеќе архивски институции и сл.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 244

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 469

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на објавени тендери: 28
Број на направени посети за инспекциски и стручен надзор кај имателите: 860

## 25001 БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 34.028 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Бирото за судски вештачења е орган во состав на Министерството за правда надлежен за вршење активности поврзани со вештачења, супер вештачења и експертизи за потребите на сите судови, правни и физички лица, јавниот и приватниот сектор, за предмети од разни области од кои најзастапени се: финансиско-материјално работење, градежништво, архитектура, машинство, сообраќај, електротехника и агроекономија.

Основните приоритети и цели на институцијата за 2014 година ќе бидат насочени кон преземање на активности за заштита на интересите на државата во борба со организираниот криминал преку квалитетно и стручно вештачење, зголемување на ефикасноста за изготвување на вештачење не подолго од 30 дена, како и унапредување на соработката со судовите на сите нивоа.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 28
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.094

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на примени предмети за вештачење: 1.400
Број на примени предмети за проценка: 1.000

## 26001 МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 157.795 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Македонската академија на науките и уметностите е научно истражувачка организација која во својата основна дејност работи на повеќе научноистражувачки проекти, има обемна издавачка дејност, организира научни собири, уметнички изложби, учествува во меѓународни научни собири и соработува со повеќе Академии од странство.

За 2014 година активностите на Академијата ќе бидат насочени кон работа на повеќе од 65 научноистражувачки и уметнички проекти, издавање на книги, одржување на научни собири, изложби и промоции.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 53
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.384

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на научно-истражувачки и уметнички проекти: 65

**28001 БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ**
ВКУПЕН БУЏЕТ: **77.548 илјади денари**

**ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА**

Бирото за регионален развој спроведува активности насочени кон имплементација на регионалниот развој, односно користење на средствата утврдени со Буџетот на Република Македонија за 2014 година, наменети за реализација на проекти за развој на подрачјата со специфични потреби и развој на селата.

Во 2014 година, активностите на Бирото за регионален развој ќе бидат во насока на обезбедување на порамномерен и одржлив развој на целата територија на Република Македонија, намалување на диспариртетите во и помеѓу планските региони, како и зголемување на конкуретноста на истите.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 19
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 895

**29010 СУДСКА ВЛАСТ**
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.896.271 илјади денари**

**ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА**

Со судскиот буџет се финансира судската власт во Република Македонија. Судовите се самостојни и независни државни органи. Судовите судат и своите одлуки ги засноваат врз основа на Уставот, законите и другите меѓународни договори, ратификувани во согласност со Уставот и ја обезбедуваат примената на правото и заштитата на човековите права и слободи. Целите и функциите на судската власт во наредната година ќе бидат насочени кон непристрасно применување на правото, независно од положбата и својството на странките; заштита, почитување и унапредување на човековите права и основни слободи; обезбедување еднаквост, рамноправност, недискриминација по било кој основ; обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 2.965
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 622

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на судски предмети: 715.000
Број на учесници во спроведени обуки за кандидатите за судии и јавни обвинители и континуирана едукација на судиите и јавните обвинители и др. службеници во судството и јавното обвинителство: 7.500

## 31010 ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 446.171 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични и други со закон утврдени казниви дела и врши други работи определени со закон. Јавното обвинителство е организирано врз основа на принципите на хиерархија и субординација и функциите ги врши законито, непристрасно и објективно, ги почитува човековите права и основни слободи и се грижи кривично правниот систем да функционира ефикасно и навремено.

Активностите на Јавното обвинителство на Република Македонија во текот на 2014 година се насочени кон имплементација на Законот за кривична постапка, како и продолжување со реализација на обврските од стратегијата за реформи на правосудниот систем и имплементација на уставните амандмани.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 412

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 977

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Број на иницирани постапки врз основа на поднесени пријави: 47.500

## 31101 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 71.356 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Народниот правобранител е орган на Република Македонија кој ги штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени со акти, дејствија и пропуштања на дејствија од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања и кој презема дејствија и мерки за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби.

Стратешки приоритети утврдени со Стратешкиот план се: зајакнување на професионалните капацитети на вработените во одделенијата за превенција од тортура, подобрување на соработката со органите и установите каде Народниот правобранител има надлежност да презема мерки како контролен механизам, промовирање на неговите надлежности и запознавање на граѓаните со можностите за нивна заштита.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 80

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 886

## 66002 ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 22.736.981 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Фондот ги спроведува прописите и политиката на развојот и унапредувањето на здравственото осигурување и здравствената заштита. Во негова надлежност е планирањето и прибирањето на средства од задолжителното здравствено осигурување и обезбедување на правата на осигурените лица-ги плаќа здравствените услуги и надоместоците на плати на осигурените лица, ги утврдува цените на здравствените услуги за кои министерот за здравство дава согласност, ги утврдува референтните цени на лекови и медицински помагала, договара обезбедување на здравствени услуги, развива сопствен информативен систем, спроведува меѓународни договори, врши увид и контрола на обезбедени здравствени услуги, одлучува за правата од задолжителното здравствено осигурување во прв степен и други работи во врска со правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување.

Приоритетите и целите на Фондот во 2014 година ќе бидат во насока на одржување на финансиската стабилност на Фондот и финансиска стабилизација на целокупниот здравствен систем, континуирано и квалитетно задоволување на потребата од лекови, полесен и подобар пристап на осигурениците до потребните здравствени услуги и лекови, подобрување на транспарентноста, унапредување на буџетскиот процес, и договарање и преговарање со здравствените установи.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 850
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 560

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на извршени контроли (контрола на придонеси, партиципација и плати, боледувања, лекувања во странство, како и контрола во ЈЗУ специјални болници, аптеки и приватни ординации): 8.000
Број на склучени договори со ПЗУ, ЈЗУ и аптеки: 4.000

## 66003 АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 2.772.445 илјади денари

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Агенцијата врши услуги за задоволување на потребите на пазарот на трудот, како за работодавачите, така и за невработени лица, а се однесуваат на евиденции од областа на трудот, размена на трудот и остварување на права во случај на невработеност.

Во текот на 2014 година Агенцијата ќе продолжи со редовна исплата на правата по основ на невработеност-паричен надоместок, придонес за пензиско осигурување за невработени лица кои имаат помалку од 15 години пензиски стаж и здравствено осигурување за примателите на паричен надоместок. Исто така ќе продолжи да ги спроведува активните мерки за вработување согласно оперативен план на Владата за 2014 година.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 481
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 532

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на невработени на кои им се обезбедуваат парични надоместоци по основ на невработеност: 23.114

## 66004 ФОНД ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 54.274.200 **илјади денари**

### ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2014 ГОДИНА

Во Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија се остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување на сите осигуреници во Република Македонија и се врши исплата на пензии и парични надоместоци на корисниците на правата. Фондот ги применува прописите од пензиското и инвалидското осигурување, врши усогласување на пензиите согласно законот, врши распределба на придонесот помеѓу Фондот и приватните пензиски фондови и го унапредува информациониот систем како техничка подршка во спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување.

Приоритетни цели во работењето на Фондот во 2014 година ќе бидат: редовна и навремена исплата на пензиите и другите права од пензиското и инвалидското осигурување, усогласување на пензиите согласно законските прописи, редовно и навремено обезбедување на податоци за уплатените придонеси од УЈП за утврдување на стажот и платите на осигурениците во матичната евиденција на Фондот, навремена распределба на придонесите помеѓу државниот и приватните пензиски фондови, како и доследна примена на прописите од пензиското и инвалидското осигурување.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 665
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 630

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на подготвени решенија за остварување на право од пензиско и инвалидско осигурување: 35.000
Број на пензионери на кои им се исплаќа пензија: 294.340
Број на деца попречени во психофизичкиот развој за кои Фондот ќе учествува во партиципација на трошоците за сместување: 110
Број на пензионери за кои се обезбедува сместување во пензионерските домови: 469

ПРИЛОГ 1

## Преглед на наменски и блок дотации за делегирани надлежности по општини за 2014 година

| Реден број | ОПШТИНИ | Наменски дотации за основно образование | Блок дотации за образование | | Блок дотации за дејности од областа на културата | Блок дотации за социјалната заштита | | Наменски дотации за пожарникари | ВКУПНО НАМЕНСКА ДОТАЦИЈА | ВКУПНО БЛОК ДОТАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Основно образование | Средно образование | | Детска заштита | Домови за стари лица | | | |
| 1 | Арачиново | 0 | 68.390.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 68.390.000 |
| 2 | Берово | 0 | 61.332.000 | 30.198.000 | 2.386.000 | 16.710.000 | 0 | 5.799.000 | 5.799.000 | 110.626.000 |
| 3 | Битола | 0 | 322.347.000 | 201.437.000 | 6.616.000 | 54.601.000 | 14.580.000 | 12.442.000 | 12.442.000 | 599.581.000 |
| 4 | Богданци | 0 | 29.744.000 | 21.143.000 | 791.000 | 7.979.000 | 0 | 0 | 0 | 59.657.000 |
| 5 | Боговиње | 0 | 124.799.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 124.799.000 |
| 6 | Босилово | 0 | 55.924.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 55.924.000 |
| 7 | Брвеница | 0 | 68.632.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 68.632.000 |
| 8 | Валандово | 0 | 55.743.000 | 23.483.000 | 4.372.000 | 7.763.000 | 0 | 4.305.000 | 4.305.000 | 91.361.000 |
| 9 | Василево | 0 | 53.116.000 | 0 | 0 | 1.675.000 | 0 | 0 | 0 | 54.791.000 |
| 10 | Велес | 0 | 188.879.000 | 128.762.000 | 10.196.000 | 38.858.000 | 0 | 10.397.000 | 10.397.000 | 366.695.000 |
| 11 | Вевчани | 0 | 13.659.000 | 0 | 0 | 2.178.000 | 0 | 0 | 0 | 15.837.000 |
| 12 | Виница | 0 | 83.875.000 | 34.255.000 | 4.461.000 | 11.845.000 | 0 | 3.776.000 | 3.776.000 | 134.436.000 |
| 13 | Врапчиште | 0 | 128.164.000 | 19.248.000 | 1.633.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 149.045.000 |
| 14 | Гевгелија | 0 | 79.411.000 | 50.383.000 | 3.983.000 | 24.264.000 | 0 | 7.229.000 | 7.229.000 | 158.041.000 |
| 15 | Гостивар | 0 | 324.372.000 | 199.521.000 | 0 | 17.935.000 | 0 | 8.193.000 | 8.193.000 | 541.828.000 |
| 16 | Градско | 0 | 24.107.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 24.107.000 |
| 17 | Дебар | 0 | 97.321.000 | 39.257.000 | 0 | 8.121.000 | 0 | 2.162.000 | 2.162.000 | 144.699.000 |
| 18 | Дебарца | 0 | 27.066.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 27.066.000 |
| 19 | Делчево | 0 | 72.894.000 | 27.866.000 | 3.205.000 | 7.037.000 | 0 | 4.849.000 | 4.849.000 | 111.002.000 |
| 20 | Демир Хисар | 0 | 41.235.000 | 17.021.000 | 2.048.000 | 3.623.000 | 0 | 3.062.000 | 3.062.000 | 63.927.000 |
| 21 | Демир Капија | 0 | 23.606.000 | 0 | 1.874.000 | 2.254.000 | 0 | 0 | 0 | 27.734.000 |
| 22 | Дојран | 0 | 19.703.000 | 0 | 0 | 2.791.000 | 0 | 0 | 0 | 22.494.000 |
| 23 | Долнени | 0 | 101.014.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 101.014.000 |
| 24 | Желино | 0 | 131.584.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 131.584.000 |
| 25 | Зелениково | 0 | 25.133.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25.133.000 |
| 26 | Зрновци | 0 | 14.631.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14.631.000 |
| 27 | Илинден | 0 | 68.772.000 | 9.503.000 | 0 | 4.356.000 | 0 | 0 | 0 | 82.631.000 |
| 28 | Јегуновце | 0 | 58.064.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 58.064.000 |
| 29 | Карбинци | 0 | 34.080.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 34.080.000 |
| 30 | Кавадарци | 0 | 177.156.000 | 87.201.000 | 8.640.000 | 28.131.000 | 0 | 6.729.000 | 6.729.000 | 301.128.000 |
| 31 | Кичево | 0 | 240.378.000 | 122.505.000 | 1.500.000 | 9.974.000 | 0 | 7.724.000 | 7.724.000 | 374.357.000 |
| 32 | Кочани | 0 | 128.158.000 | 82.248.000 | 6.088.000 | 22.106.000 | 0 | 6.908.000 | 6.908.000 | 238.600.000 |
| 33 | Конче | 0 | 23.595.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23.595.000 |
| 34 | Кратово | 0 | 41.196.000 | 18.736.000 | 4.681.000 | 7.829.000 | 0 | 4.621.000 | 4.621.000 | 72.442.000 |
| 35 | Крива Паланка | 0 | 91.529.000 | 42.816.000 | 0 | 11.256.000 | 0 | 5.297.000 | 5.297.000 | 145.601.000 |
| 36 | Кривогаштани | 0 | 30.356.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.356.000 |
| 37 | Крушево | 0 | 39.944.000 | 19.390.000 | 1.530.000 | 5.088.000 | 0 | 3.730.000 | 3.730.000 | 65.952.000 |
| 38 | Куманово | 0 | 442.047.000 | 293.866.000 | 6.740.000 | 43.188.000 | 10.530.000 | 12.478.000 | 12.478.000 | 796.371.000 |
| 39 | Липково | 0 | 150.448.000 | 29.019.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 179.467.000 |
| 40 | Лозово | 0 | 17.305.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.305.000 |
| 41 | Македонска Каменица | 0 | 41.667.000 | 16.994.000 | 0 | 5.781.000 | 0 | 0 | 0 | 64.442.000 |
| 42 | Македонски Брод | 0 | 32.551.000 | 20.200.000 | 2.793.000 | 5.517.000 | 0 | 3.615.000 | 3.615.000 | 61.061.000 |
| 43 | Маврово и Ростуше | 0 | 59.071.000 | 14.076.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 73.147.000 |
| 44 | Могила | 0 | 36.225.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 36.225.000 |
| 45 | Неготино | 0 | 90.664.000 | 39.517.000 | 5.778.000 | 16.226.000 | 0 | 4.168.000 | 4.168.000 | 152.185.000 |

| Реден број | ОПШТИНИ | Наменски дотации за основно образование | Блок дотации за образование | | Блок дотации за дејности од областа на културата | Блок дотации за социјалната заштита | | Наменски дотации за пожарникари | ВКУПНО НАМЕНСКА ДОТАЦИЈА | ВКУПНО БЛОК ДОТАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Основно образование | Средно образование | | Детска заштита | Домови за стари лица | | | |
| 46 | Новаци | 0 | 22.843.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 22.843.000 |
| 47 | Ново Село | 0 | 54.669.000 | 0 | 1.346.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 56.015.000 |
| 48 | Охрид | 0 | 200.553.000 | 121.719.000 | 0 | 27.585.000 | 0 | 8.982.000 | 8.982.000 | 349.857.000 |
| 49 | Пехчево | 0 | 26.744.000 | 0 | 2.288.000 | 7.314.000 | 0 | 0 | 0 | 36.346.000 |
| 50 | Петровец | 0 | 51.846.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 51.846.000 |
| 51 | Пласница | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 | 0 |
| 52 | Прилеп | 0 | 294.113.000 | 181.035.000 | 8.705.000 | 32.073.000 | 12.890.000 | 16.535.000 | 16.535.000 | 528.816.000 |
| 53 | Пробиштип | 0 | 65.362.000 | 26.781.000 | 3.013.000 | 13.053.000 | 0 | 4.639.000 | 4.639.000 | 108.209.000 |
| 54 | Радовиш | 0 | 127.987.000 | 45.025.000 | 3.606.000 | 19.613.000 | 0 | 6.075.000 | 6.075.000 | 196.231.000 |
| 55 | Ранковце | 0 | 24.663.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 24.663.000 |
| 56 | Ресен | 0 | 80.714.000 | 26.305.000 | 3.012.000 | 5.466.000 | 0 | 4.658.000 | 4.658.000 | 115.497.000 |
| 57 | Росоман | 0 | 25.844.000 | 0 | 0 | 1.675.000 | 0 | 0 | 0 | 27.519.000 |
| 58 | Сопиште | 0 | 33.635.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 33.635.000 |
| 59 | Старо Нагоричане | 0 | 34.761.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 34.761.000 |
| 60 | Струга | 0 | 295.024.000 | 131.913.000 | 0 | 14.513.000 | 0 | 5.607.000 | 5.607.000 | 441.450.000 |
| 61 | Струмица | 0 | 222.297.000 | 182.242.000 | 5.674.000 | 33.588.000 | 0 | 8.787.000 | 8.787.000 | 443.801.000 |
| 62 | Студеничани | 0 | 105.758.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 105.758.000 |
| 63 | Свети Николе | 0 | 75.026.000 | 34.638.000 | 5.731.000 | 17.840.000 | 0 | 4.052.000 | 4.052.000 | 133.235.000 |
| 64 | Теарце | 0 | 96.705.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 96.705.000 |
| 65 | Тетово | 0 | 375.880.000 | 436.367.000 | 0 | 28.804.000 | 0 | 12.715.000 | 12.715.000 | 841.051.000 |
| 66 | Центар Жупа | 0 | 40.606.000 | 13.430.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 54.036.000 |
| 67 | Чашка | 0 | 55.066.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 55.066.000 |
| 68 | Чешиново-Облешево | 0 | 36.341.000 | 0 | 0 | 3.349.000 | 0 | 0 | 0 | 39.690.000 |
| 69 | Чучер - Сандево | 0 | 43.856.000 | 0 | 1.603.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 45.459.000 |
| 70 | Штип | 0 | 157.124.000 | 118.996.000 | 1.998.000 | 56.128.000 | 0 | 6.405.000 | 6.405.000 | 334.246.000 |
| 71 | Аеродром | 0 | 210.912.000 | 0 | 0 | 82.526.000 | 0 | 0 | 0 | 293.438.000 |
| 72 | Бутел | 0 | 186.887.000 | 0 | 0 | 32.879.000 | 0 | 0 | 0 | 219.766.000 |
| 73 | Гази Баба | 0 | 266.067.000 | 0 | 0 | 63.849.000 | 0 | 0 | 0 | 329.916.000 |
| 74 | Ѓорче Петров | 0 | 123.272.000 | 0 | 0 | 31.373.000 | 0 | 0 | 0 | 154.645.000 |
| 75 | Карпош | 0 | 223.079.000 | 0 | 0 | 83.580.000 | 0 | 0 | 0 | 306.659.000 |
| 76 | Кисела Вода | 0 | 189.520.000 | 0 | 0 | 61.500.000 | 0 | 0 | 0 | 251.020.000 |
| 77 | Сарај | 0 | 195.826.000 | 0 | 0 | 2.010.000 | 0 | 0 | 0 | 197.836.000 |
| 78 | Центар | 0 | 165.924.000 | 0 | 0 | 83.213.000 | 0 | 0 | 0 | 249.137.000 |
| 79 | Чаир | 0 | 285.742.000 | 0 | 0 | 48.914.000 | 0 | 0 | 0 | 334.656.000 |
| 80 | Шуто Оризари | 0 | 118.658.000 | 0 | 0 | 4.605.000 | 0 | 0 | 0 | 123.263.000 |
| 81 | Град Скопје | 0 | 0 | 1.119.352.000 | 119.494.000 | 0 | 0 | 96.977.000 | 96.977.000 | 1.238.846.000 |
| | **Вкупно** | **3.000.000** | **8.553.191.000** | **4.026.448.000** | **235.785.000** | **1.122.536.000** | **38.000.000** | **292.916.000** | **295.916.000** | **13.975.960.000** |

Член 2

Приходите на Буџетот на Република Македонија по видови на приходи се утврдуваат во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдуваат во билансот на расходи.

Приходите на централниот буџет по извори и видови на приходи се утврдуваат во билансот на приходи, а расходите на централниот буџет по основни намени и извори се утврдуваат во билансот на расходите по економска класификација, билансот на расходите по организациона класификација, билансот на расходите по функционална класификација, расходи по владини програми и развојни проекти.

## Биланс на приходи на Буџетот на Република Македонија по ставки

во илјади денари

| Категорија Ставка | О П И С | Приходи на Основен буџет и фондови за 2013 година | Б У Џ Е Т 2014 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Приходи на Основен буџет и фондови | Приходи од самофинансирачки активности | Приходи од заеми | Приходи од донации | Вкупно приходи |
| | | **168.550.473** | **171.338.000** | **3.007.742** | **6.150.984** | **3.881.033** | **2.995.923** | **187.373.682** |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **124.322.155** | **132.375.000** | **420.800** | **1.063.500** | **0** | **0** | **133.859.300** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 14.353.000 | 14.972.000 | 90.000 | 0 | 0 | 0 | 15.062.000 |
| 712 | Придонеси за социјално осигурување | 42.622.435 | 45.153.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 45.153.000 |
| 714 | Домашни даноци на стоки и услуги | 59.876.520 | 64.360.000 | 275.000 | 189.000 | 0 | 0 | 64.824.000 |
| 715 | Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | 3.942.000 | 4.086.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.086.000 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 3.528.200 | 3.804.000 | 55.800 | 874.500 | 0 | 0 | 4.734.300 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **5.050.995** | **5.664.995** | **2.369.522** | **4.753.601** | **0** | **0** | **12.788.118** |
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 400.010 | 450.005 | 7.000 | 0 | 0 | 0 | 457.005 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 1.836.000 | 2.250.000 | 104.631 | 0 | 0 | 0 | 2.354.631 |
| 723 | Такси и надоместоци | 22.000 | 24.000 | 353.992 | 3.853.627 | 0 | 0 | 4.231.619 |
| 724 | Други владини услуги | 800.000 | 900.000 | 1.585.118 | 398.627 | 0 | 0 | 2.883.745 |
| 725 | Други неданочни приходи | 1.992.985 | 2.040.990 | 318.781 | 501.347 | 0 | 0 | 2.861.118 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **5.515.005** | **6.513.005** | **21.600** | **5.000** | **0** | **0** | **6.539.605** |
| 731 | Продажба на капитални средства | 410.000 | 410.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 410.000 |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 2.600.000 | 3.600.000 | 21.600 | 5.000 | 0 | 0 | 3.626.600 |
| 734 | Приходи од дивиденди | 2.505.005 | 2.503.005 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.503.005 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **5.768.858** | **13.915.000** | **195.820** | **328.883** | **0** | **2.995.923** | **17.435.626** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 5.768.858 | 13.915.000 | 195.820 | 217.049 | 0 | 17.268 | 14.345.137 |
| 742 | Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 110.834 | 0 | 2.969.275 | 3.080.109 |
| 743 | Капитални донации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.160 | 1.160 |
| 744 | Тековни донации | 0 | 0 | 0 | 1.000 | 0 | 8.220 | 9.220 |
| **75** | **ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **9.840.000** | **9.840.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **9.840.000** |
| 751 | Краткорочни позајмици од земјата | 5.904.000 | 5.904.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.904.000 |
| 753 | Долгорочни обврзници | 3.936.000 | 3.936.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.936.000 |
| **76** | **ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО** | **17.181.000** | **2.330.000** | **0** | **0** | **3.856.033** | **0** | **6.186.033** |
| 761 | Меѓународни развојни агенции | 17.181.000 | 2.330.000 | 0 | 0 | 3.554.131 | 0 | 5.884.131 |
| 762 | Странски влади | 0 | 0 | 0 | 0 | 301.902 | 0 | 301.902 |
| **77** | **ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **272.460** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** |
| 771 | Продажба на хартии од вредност | 272.460 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| **78** | **ПРИХОДИ ОД ОТПЛАТА НА ЗАЕМИ** | **600.000** | **600.000** | **0** | **0** | **25.000** | **0** | **625.000** |
| 781 | Приходи од наплатени дадени заеми | 600.000 | 600.000 | 0 | 0 | 25.000 | 0 | 625.000 |

## Биланс на расходи на Буџетот на Република Македонија по ставки

во илјади денари

| Категорија Ставка | О П И С | Расходи на Основен буџет и фондови за 2013 година | БУЏЕТ 2014 Расходи на Основен буџет и фондови | Расходи од самофинансирачки активности | Расходи од заеми | Расходи од донации | Вкупно расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 168.550.473 | 171.338.000 | 3.007.742 | 6.150.984 | 3.881.033 | 2.995.923 | 187.373.682 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **22.104.629** | **22.821.101** | **46.317** | **814.468** | **0** | **0** | **23.681.886** |
| 401 | Основни плати | 15.833.196 | 16.392.135 | 33.803 | 545.142 | 0 | 0 | 16.971.080 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 6.199.243 | 6.358.044 | 12.514 | 269.326 | 0 | 0 | 6.639.884 |
| 404 | Надоместоци | 72.190 | 70.922 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70.922 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **120.000** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 90.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 30.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **30.437.249** | **31.932.300** | **2.174.916** | **3.207.738** | **180.229** | **1.172.941** | **38.668.124** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 457.220 | 466.660 | 61.586 | 157.521 | 1.690 | 71.555 | 759.012 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3.088.231 | 3.288.238 | 523.473 | 575.402 | 8.540 | 21.450 | 4.417.103 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 1.957.130 | 2.430.008 | 677.552 | 484.718 | 3.890 | 66.908 | 3.663.076 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 885.538 | 876.017 | 389.338 | 242.432 | 1.989 | 9.960 | 1.519.736 |
| 425 | Договорни услуги | 22.549.253 | 23.429.022 | 405.777 | 1.509.891 | 159.190 | 906.864 | 26.410.744 |
| 426 | Други тековни расходи | 1.447.251 | 1.411.595 | 103.406 | 198.754 | 4.930 | 92.604 | 1.811.289 |
| 427 | Привремени вработувања | 52.626 | 30.760 | 13.784 | 39.020 | 0 | 3.600 | 87.164 |
| **44** | **ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА** | **15.645.207** | **16.004.876** | **0** | **0** | **0** | **0** | **16.004.876** |
| 441 | Дотации од ДДВ | 1.540.000 | 1.733.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.733.000 |
| 442 | Наменски дотации | 293.869 | 295.916 | 0 | 0 | 0 | 0 | 295.916 |
| 443 | Блок дотации | 13.811.338 | 13.975.960 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.975.960 |
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **4.104.870** | **4.365.700** | **0** | **12.000** | **25.000** | **0** | **4.402.700** |
| 464 | Разни трансфери | 790 | 1.100 |
| 465 | Исплата по извршни исправи | 2.788 | 2.000 |
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **11.338** | **14.300** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 480 | Купување на опрема и машини | 6.030 | 10.530 |
| 481 | Градежни објекти | 3.770 | 3.770 |
| 486 | Купување на возила | 1.538 | 0 |
| **2** | **ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ** | **50.521.570** | **53.832.700** |
| **20** | **ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ** | **50.521.570** | **53.832.700** |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **50.521.570** | **53.832.700** |
| 472 | Плаќања на бенефиции од Фондот за ПИОМ | 50.521.570 | 53.832.700 |
| **3** | **ИНТЕРНАТСКО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЦА СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХОФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ** | **5.000** | **2.500** |
| **30** | **ИНТЕРНАТСКО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЦА СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХОФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ** | **5.000** | **2.500** |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **5.000** | **2.500** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 5.000 | 2.500 |
| **4** | **ТРОШОЦИ ЗА ДОМОВИТЕ ЗА ЖИВЕЕЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПЕНЗИЈА** | **11.700** | **11.700** |
| **40** | **ТРОШОЦИ ЗА ДОМОВИТЕ ЗА ЖИВЕЕЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПЕНЗИЈА** | **11.700** | **11.700** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **6.000** | **6.000** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 4.500 | 4.500 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 50 | 50 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 1.300 | 1.300 |
| 425 | Договорни услуги | 100 | 100 |
| 426 | Други тековни расходи | 50 | 50 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **5.700** | **5.700** |
| 481 | Градежни објекти | 5.700 | 5.700 |

**ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

# III Развоен дел на Буџетот на Република Македонија за периодот 2014 - 2016 година

**Раздел 04002 СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РМ**

Потпрограма 1А РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЗГРАДИ НА ВЛАДИНИ ОРГАНИ

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма ќе се реализираат активности поврзани со вршење на градежни работи и реконструкции во објекти на Владата на Република Македонија.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | 2016 |
| **Основен буџет** | **6.000** | **12.000** | **16.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 6.000 | 12.000 | 16.000 |
| **Вкупно** | **6.000** | **12.000** | **16.000** |

Потпрограма 1Б ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АДМИНИСТРАТИВНИ ЗГРАДИ НА ДРЖАВНИ ОРГАНИ

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се предвидени активности поврзани со довршување и пуштање во употреба на објектот за просторно сместување на објектот за просторно сместување на Јавното обвинителство, Управата за финансиска полиција и Управата за финансиско разузнавање, изградба на подземно паркиралиште на локалитетот Мал ринг на територијата на општината Центар, изградба на зграда за Јавна администрација и Факултетот за драмски уметности, како и партерно уредување на кејот кај новите објекти.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | 2016 |
| **Основен буџет** | **1.863.660** | **2.328.090** | **74.822** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 1.863.660 | 2.328.090 | 74.822 |
| **Вкупно** | **1.863.660** | **2.328.090** | **74.822** |

**Раздел 04009 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се планирани активности за реализација на проектот Понатамошно јакнење на организационите и институционалните капацитети за процесот на пристапување. Целта на проектот е да овозможи размена на искуство во областа на пристапување кон Европската унија со земјите членки на ЕУ, во насока на остварување на придонес кон јакнењето на владините структури за унапредување и забрзување на преговорите за пристап. Со имплементација на самиот проект ќе се даде поддршка по однос на отворањето и затворањето на одредниците и последователното отворање на индивидуалните преговарачки поглавја, ќе се обезбеди усвојување на потребното законодавство и ќе се обезбеди усогласување со европското законодавство и во исто време подобрување на вештините за имплементација на политиките и севкупниот квалитет на законодавството.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | 2016 |
| **Основен буџет** | **6.000** | **0** | **0** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 3.000 | 0 | 0 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 3.000 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **6.000** | **0** | **0** |

III Развоен дел на Буџетот на Република Македонија за периодот 2014 - 2016 година

**Раздел 05001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**

Потпрограма 1А МОДЕРНИЗАЦИЈА ВО МО

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е осовременување, техничко доопремување, функционално поврзување и размена на говорни и пишани информации. Активностите ќе бидат насочени кон набавка на информатичка опрема. Со реализација на планираните активности се очекува поголема ефикасност на вработените, поголема заштита на податоци, автоматизираност и прецизност на работните документи.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | **7.000** | **20.000** | **23.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 7.000 | 20.000 | 23.000 |
| **Вкупно** | **7.000** | **20.000** | **23.000** |

Потпрограма 2А ОПРЕМУВАЊЕ И МОДЕРНИЗАЦИЈА ВО АРМ

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е оддржување и подобрување на постоечкото ниво на борбената способност на АРМ и набавка на нова опрема со цел компатабилност со силите на НАТО. Со реализација на планираните активности се очекува зголемување на борбената способност и постигнување на интероперабилност со НАТО алијансата, како и рамноправно учество со коалиционите сили во операции предводени од ОН, ЕУ и НАТО.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | **175.000** | **187.000** | **187.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 175.000 | 187.000 | 187.000 |
| **Вкупно** | **175.000** | **187.000** | **187.000** |

**Раздел 05001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**

Потпрограма 5Б ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТИ И ИНФРАСТРУКТУРА

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е подобрување на условите за функционирање и извршување на работните задачи на МО и АРМ. Активностите ќе бидат насочени кон реконструкција и адаптација на објекти и инсталации како и продолжување со започнатите активности . Со реализација на планираните активности се очекува подобрување на условите за функционирање и извршување на работните задачи на МО и АРМ.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **2014** | **2015** | **2016** |
| **Основен буџет** | | | **52.000** | **78.000** | **88.000** |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 39.000 | 65.000 | 75.000 |
| 631 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 13.000 | 13.000 | 13.000 |
| **Вкупно** | | | **52.000** | **78.000** | **88.000** |

Потпрограма ВА ИНТЕГРАЦИЈА ВО НАТО

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е зголемување на одбранбената способност на АРМ за водење на вооружена борба, борбени и други дејствија со тежиште на декларираните единици и активно партиципирање во колективните системи за безбедност. Во рамките на оваа потпрограма се реализираат активностите поврзани со Проектот "Центар за обука на пилоти" со кој ќе се овозможи зајакнување на капацитетите на воздухопловниот персонал.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **2014** | **2015** | **2016** |
| **Основен буџет** | | | **325.000** | **330.000** | **330.000** |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 325.000 | 330.000 | 330.000 |
| **Вкупно** | | | **325.000** | **330.000** | **330.000** |

**Раздел 05003 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Терминот Програми и Агенции на Заедницата е интегриран сет на активности усвоен од ЕУ поради промовирање на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ во различни специфични области поврзани со политиките на ЕУ во период од неколку години кои се подготвуваат врз база на алокации од Генералниот Буџет на ЕУ. Учество во Програми и Агенции на Заедницата е овозможено и на земјите кандидати за членство во ЕУ и истите би им биле од голема корист за запознавање на нивните граѓани со политиките и методи на ЕУ. Секоја земја сама одлучува во кои Програми на Заедницата има интерес да учествува, а самото учество подразбира обврска за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ. Средствата планирани во рамките на оваа потпрограма се наменети за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | **2.000** | **2.000** | **2.000** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 2.000 | 2.000 | 2.000 |
| **Вкупно** | **2.000** | **2.000** | **2.000** |

**Раздел 06001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Потпрограма 2А РЕФОРМИ ВО ПОЛИЦИЈА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се предвидени активности од Проектот Реформи на полицијата преку кои ќе се овозможи креирање на современа полиција, согласно ЕУ стандардите, одржување на поволна безбедносна состојба, спроведување на владеење на правото согласно националното законодавство, вклопување во регулативите и стандардите на ЕУ во сите аспекти на полициското работење. Воедно, ќе се постигне подобро, поефикасно и поефективно функционирање на полициските служби, висока стапка на откривање на криминал и повисока стапка на кривично гонење.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | **714.936** | **1.036.736** | **786.736** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 714.936 | 1.036.736 | 786.736 |
| **Вкупно** | **714.936** | **1.036.736** | **786.736** |

Потпрограма 2Б РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗГРАДИ

Опис и цели Во рамки на оваа потпрограма ќе се реализираат активности поврзани со изградба, реконструкција и адаптација на објекти преку кои ќе се подобрат условите за работа на вработените во МВР, обезбедување на соодветна инфраструктура согласно европските стандарди и нивно материјално-техничко опремување.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | **34.000** | **90.000** | **58.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 34.000 | 90.000 | 58.000 |
| **Вкупно** | **34.000** | **90.000** | **58.000** |

**Раздел 06001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се планирани средства за задолжително кофинансирање кон ИПА за проектите Реформи во полицијата и Интегрирано гранично управување, кои се финансираат централизирано.Во рамки на националната програма ИПА 2007 предвидено е имплементирање на проектно фише насловено како Поддршка за имплементација на Стратегијата за полициска реформа. Со националната програма ИПА 2008 предвидено е спроведување на едно проектно фише насловено како Интегрирано гранично управување. Со ова фише предвидени се компонентите: ТЕТРА систем и надградба на Полициска станица за ОДГ во делот кон Србија и Албанија.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2014 | 2015 | 2016 |
| **Основен буџет** | | | **44.700** | **14.400** | **44.700** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 14.400 | 14.400 | 14.400 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 30.300 | 0 | 30.300 |
| **Вкупно** | | | **44.700** | **14.400** | **44.700** |

**Раздел 07001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

Потпрограма ГА РЕФОРМА НА СУДСТВОТО

Опис и цели Целта на проектот е да придонесе за подобрување на судската ефикасност и ефективност, како и на деловната клима преку (1) зајакнување на судските капацитети и на капацитетите на министерствата за системска имплементација на стратегијата за реформите во судството, како и на законите што влијае на судството и (2) подобрување на судската инфраструктура

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2014 | 2015 | 2016 |
| **Основен буџет** | | | **95.000** | **0** | **0** |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 95.000 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | | | **95.000** | **0** | **0** |

**Раздел 07002 УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ**

Потпрограма 3А ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОПРЕМУВАЊЕ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е подобрување на условите во казнено-поправните установи преку реконструкција на казнено-поправните установи со цел обезбедување на квалитетен третман на осудените и малолетните лица, похуман однос меѓу вработените и осудените лица, подобро менаџирање и управување, зголемување на безбедноста во установите преку набавка на техничка опрема заради поефикасна борба против корупцијата на вработените во казнено-поправните установи.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | | | **0** | **10.000** | **15.000** |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 10.000 | 15.000 |
| **Вкупно** | | | **0** | **10.000** | **15.000** |

Потпрограма 3Б РЕФОРМИ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма е опфатен Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи, финансиран со заем од Банката за развој при Советот на Европа. Основната цел на овој проект е унапредување на процесот на извршување на санкциите преку остварување и унапредување на човековите права во однос на условите за сместување, хигиената, здравствената заштита и слободните активности на осудените и притворените лица.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | | | **33.300** | **33.300** | **43.150** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 1.700 | 1.700 | 1.700 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 31.600 | 31.600 | 41.450 |
| **Заеми** | | | **183.930** | **183.930** | **239.722** |
| 786 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 5.810 | 5.810 | 5.810 |
| 786 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 178.120 | 178.120 | 233.912 |
| **Вкупно** | | | **217.230** | **217.230** | **282.872** |

**Раздел 07003 УПРАВА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИТЕ КНИГИ**

Потпрограма 2А РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ПОДРАЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА,ПОДРАЧНИ И МЕСНИ КАНЦЕЛАРИИ

Опис и цели Целта на потпрограмата е воведување на електронски матичен регистар со цел поврзување на Управата со регистри на останати државни институции со кои има потреба да комуницира заради реализација на програмата за рационализација и модернизација на внесот на податоци во матичната евиденција.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2014** | **2015** | **2016** |
| **Основен буџет** | **16.500** | **18.057** | **18.057** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 16.500 | 18.057 | 18.057 |
| **Вкупно** | **16.500** | **18.057** | **18.057** |

**Раздел 09001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Потпрограма 1А ДОИЗГРАДБА НА ЗГРАДА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ (ОБЈЕКТ НА БАНКА ЗА НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА)

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се опфатени активностите во врска со градежните работи кои ќе се извршуваат на објектот Банка за надворешна трговија, која е во сопственост на Министерството за финансии. Со доизградбата на објектот ќе се овозможи просторно сместување на Министерството за финансии во сопствен објект, како би се надминал проблемот на просторна оддалеченост на дисперзираните сектори на Министерството за финансии, чие моментално сместување е во различни деловни објекти.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2014** | **2015** | **2016** |
| **Основен буџет** | **755.000** | **0** | **0** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 755.000 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **755.000** | **0** | **0** |

**Раздел 09001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Потпрограма 2А ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма опфатен е Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиски поддржан со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка. Проектот се реализира преку финансирање на општините или јавните претпријатија основани од општините, по пат на задолжување со on-lending аранжман и истиот има за цел да овозможи реализирање на општинските проекти кои ќе придонесат за зголемување на приходите на општината или јавните претпријатија како и намалување на оперативните трошоци на истите. На ваков начин ќе се обезбеди подобрување на перформансите на општината, квалитетот на комуналните и другите општински услуги како и развиток и зајакнување на општинските надлежности и функции уредени со Законот за единиците на локалната самоуправа. Ефектите од имплементацијата на овој проект се подобрување на локалната отчетност, ефикасност и финансиска одржливост на општините и јавните претпријатија учеснички во проектот.

во илјади денари

| Извор на финансирање | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Категорија | | | 2014 | 2015 | 2016 |
| **Заеми** | | | **613.100** | **613.100** | **613.100** |
| 786 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 12.750 | 12.750 | 12.750 |
| 786 | 45 | КАМАТНИ ПЛАЌАЊА | 25.000 | 25.000 | 25.000 |
| 786 | 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 75.000 | 75.000 | 75.000 |
| 786 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 500.350 | 500.350 | 500.350 |
| **Вкупно** | | | **613.100** | **613.100** | **613.100** |

**Раздел 09001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Потпрограма МГ РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се планираат средства кои се неопходни за спроведување на активностите предвидени со Проектот „Директно финансирање на трошоците за функционирање на Оперативната структура за развој на човечки ресурси". Проектот е финансиран од страна на Европската комисија, во рамките на ИПА Компонентата за Развој на човечки ресурси и истиот покрива трошоци за функционирање на Оперативната структура.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | 2016 |
| **Основен буџет** | **2.500** | **2.500** | **2.500** |
| 631 40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 2.500 | 2.500 | 2.500 |
| **Вкупно** | **2.500** | **2.500** | **2.500** |

III Развоен дел на Буџетот на Република Македонија за периодот 2014 - 2016 година

**Раздел 09002 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Во рамките на првата компонента од инструментот за предпристапна помош ИПА се опфатени проекти кои се реализираат преку повеќе министерства и државни органи во следниве области: а)Добро владеење и владеење на правото во кој проектите имаат за цел исполнување на политичките критериуми, градење на институциите и јакнење на капацитетите за децентрализирано управување со фондовите од ЕУ б) Економски развој и социјална кохезија во кој проектите се наменети за подобрување на инвестиционата клима, подобрување на административните капацитети на централно и локално ниво во областа на фискалната политика и институционалната надградба во областа на регионалната политика како придонес за подобра имплементација на националните и регионалните развојни планови в) Acquis во кој проектите се поврзани со законодавството на ЕУ во областа на јавните финансии, статистика, царинско работење, институционално зајакнување на капацитетите на регулаторните тела, дирекции, инспекторати и управување со земјиштето г) Техничка помош во кој проектите се наменети за поддршка при подготовка на проекти.

во илјади денари

| Извор на финансирање | | Категорија | Година 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | | | **126.199** | **176.199** | **83.095** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 51.965 | 51.965 | 58.923 |
| 630 | 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 18.225 | 18.225 | 972 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 56.009 | 106.009 | 23.200 |
| **Донации** | | | **300.000** | **330.000** | **300.000** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 225.000 | 225.000 | 225.000 |
| 785 | 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 45.000 | 45.000 | 45.000 |
| 785 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 30.000 | 60.000 | 30.000 |
| **Вкупно** | | | **426.199** | **506.199** | **383.095** |

**Раздел 09002 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА**

Потпрограма МВ РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Опис и цели Третата компонента од инструментот за предпристапна помош ИПА има за цел да ја подготви земјата за користење на средствата од Структурните и Кохезионите фондови на ЕУ. Со оперативната програма за регионален развој ќе се финансираат проекти во областа на транспортот (60-70% од вкупните алокации) и проекти во областа на животната средина (30-40% од вкупните алокации). Имплементатори на проектите финансирани во рамките на третата компонента на ИПА се Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање. Во рамките на оваа Програма предвидено е финансирање на двата „големи проекти“: Проектот за изградба на Коридор 10 и Проектот за изградба на пречистителна станица во Прилеп.

во илјади денари

| Извор на финансирање | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Категорија | | | 2014 | 2015 | 2016 |
| **Основен буџет** | | | **124.390** | **174.390** | **186.380** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 6.175 | 6.175 | 7.380 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 118.215 | 168.215 | 179.000 |
| **Заеми** | | | **1.107.000** | **1.042.270** | **1.226.200** |
| 786 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 1.107.000 | 1.042.270 | 1.226.200 |
| **Донации** | | | **1.122.767** | **1.122.767** | **771.820** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 35.606 | 35.606 | 41.820 |
| 785 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 1.087.161 | 1.087.161 | 730.000 |
| **Вкупно** | | | **2.354.157** | **2.339.427** | **2.184.400** |

**Раздел 09002 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА**

Потпрограма МГ РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Опис и цели Четвртата компонента од инструментот за предпристапна помош ИПА ги поддржува проектите во областа на вработувањето, образованието и социјалното вклучување. Проектите во областа на вработувањето имаат за цел привлекување и задржување на повеќе луѓе на работа преку понатамошен развој на Агенцијата за вработување, поддршка при спроведување на Стратегијата за вработување, подобрување на состојбата на младите луѓе, жените и невработените лица на пазарот на труд. Проектите во областа на образованието се насочени кон инвестиции во човечки капитал преку подобрување на образовниот процес во насока на негово прилагодување на потребите на пазарот на труд, како и подеднаков пристап за сите етнички заедници до образовните институции. Проектите во областа на социјалното вклучување се насочени кон зајакнување на интегрирањето на луѓе со посебни потреби, развојот на инфраструктура за алтернативни форми на социјални услуги, унапредување на социјалната вклученост, интегрирање на малцинствата, како и активно учество на граѓанскиот сектор. Во реализацијата на проектите финансирани во рамките на четвртата компонента од ИПА учествува Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука.

во илјади денари

| Извор на финансирање | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Категорија | | | 2014 | 2015 | 2016 |
| **Основен буџет** | | | **38.052** | **49.598** | **38.052** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 28.501 | 40.047 | 28.501 |
| 630 | 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 4.775 | 4.775 | 4.775 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 4.776 | 4.776 | 4.776 |
| **Донации** | | | **150.151** | **138.091** | **150.151** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 108.091 | 50.091 | 108.091 |
| 785 | 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 27.060 | 80.000 | 27.060 |
| 785 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 15.000 | 8.000 | 15.000 |
| **Вкупно** | | | **188.203** | **187.689** | **188.203** |

**Раздел 09002 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА**

Потпрограма МД РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Опис и цели Петтата компонента од инструментот за предпристапна помош ИПА ги поддржува проектите кои ќе овозможат достигување на стандардите на ЕУ воспоставени во областа на земјоделското производство, како и преработка на храна и руралниот развој. Помошта преку оваа компонента е насочена кон поддршка на проекти поврзани со инвестиции во земјоделски и преработувачки капацитети и маркетинг на земјоделски производи и риба, како и подобрување и развој на руралната инфраструктура и обука на земјоделците.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2014 | 2015 | 2016 |
| **Донации** | | | **79.000** | **83.000** | **90.000** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 6.000 | 10.000 | 10.000 |
| 785 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 73.000 | 73.000 | 80.000 |
| **Вкупно** | | | **79.000** | **83.000** | **90.000** |

**Раздел 09003 ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Терминот Програми и Агенции на Заедницата е интегриран сет на активности усвоен од ЕУ поради промовирање на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ во различни специфични области поврзани со политиките на ЕУ во период од неколку години кои се подготвуваат врз база на алокации од Генералниот Буџет на ЕУ. Учество во Програми и Агенции на Заедницата е овозможено и на земјите кандидати за членство во ЕУ и истите би им биле од голема корист за запознавање на нивните граѓани со политиките и методи на ЕУ. Секоја земја сама одлучува во кои Програми на Заедницата има интерес да учествува, а самото учество подразбира обврска за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ. Царинската управа е носител на Програмата Царина (Customs)

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | **961** | **961** | **961** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 961 | 961 | 961 |
| **Донации** | **1.015** | **1.045** | **123** |
| 785 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 1.015 | 1.045 | 123 |
| **Вкупно** | **1.976** | **2.006** | **1.084** |

**Раздел 09005 УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Терминот Програми и Агенции на Заедницата е интегриран сет на активности усвоен од ЕУ поради промовирање на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ во различни специфични области поврзани со политиките на ЕУ во период од неколку години кои се подготвуваат врз база на алокации од Генералниот Буџет на ЕУ. Учество во Програми и Агенции на Заедницата е овозможено и на земјите кандидати за членство во ЕУ и истите би им биле од голема корист за запознавање на нивните граѓани со политиките и методи на ЕУ. Секоја земја сама одлучува во кои Програми на Заедницата има интерес да учествува, а самото учество подразбира обврска за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ. Управата за јавни приходи е носител на Програмата-Fiscalis

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | 2016 |
| **Основен буџет** | **0** | **0** | **818** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 0 | 818 |
| **Донации** | **812** | **818** | **0** |
| 785 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 812 | 818 | 0 |
| **Вкупно** | **812** | **818** | **818** |

III Развоен дел на Буџетот на Република Македонија за периодот 2014 - 2016 година

**Раздел 10001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Потпрограма 1А МАКЕДОНСКО СЕЛО

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма опфатени се активностите за реализирање на Проектот “Македонско село“ со кој се очекува да се зголеми туристичката понуда со нови туристички атракции и можност за нивно користење во севкупната туристичка понуда на Република Македонија, а со цел зголемување на бројот на домашни и странски посетители.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | | | **62.000** | **0** | **0** |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 62.000 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | | | **62.000** | **0** | **0** |

Потпрограма ДГ ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма опфатени се активностите за поддршка и развој на малите и средни претпријатија преку кофинансирање на постоечките бизнис центри, бизнис инкубатори, како и организирање на европска недела за мали и средни претпријатија.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | | | **12.540** | **13.000** | **15.000** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 2.140 | 1.600 | 1.850 |
| 630 | 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 10.400 | 11.400 | 13.150 |
| **Вкупно** | | | **12.540** | **13.000** | **15.000** |

**Раздел 10001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Терминот Програми и Агенции на Заедницата е интегриран сет на активности усвоен од ЕУ поради промовирање на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ во различни специфични области поврзани со политиките на ЕУ во период од неколку години кои се подготвуваат врз база на алокации од Генералниот Буџет на ЕУ. Учество во Програми и Агенции на Заедницата е овозможено и на земјите кандидати за членство во ЕУ и истите би им биле од голема корист за запознавање на нивните граѓани со политиките и методи на ЕУ. Секоја земја сама одлучува во кои Програми на Заедницата има интерес да учествува, а самото учество подразбира обврска за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ. Министерството за економија е носител на Програмата за конкурентност и иновација која има за цел обединување во заедничкото подрачје на конкурентноста, продуктивноста, иновативниот капацитет и одржливиот развој. Средствата планирани во рамките на оваа потпрограма се наменети за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2014** | **2015** | **2016** |
| **Основен буџет** | **3.500** | **9.533** | **9.532** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 3.500 | 9.533 | 9.532 |
| **Вкупно** | **3.500** | **9.533** | **9.532** |

**Раздел 10004 ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

Потпрограма ДВ ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Опис и цели Во текот на 2013 година ќе продолжат активностите за доуредување на ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2, изградба на ТИРЗ Штип, Кичево, Прилеп и Гевгелија, изработка на проектна документција за инфрастуктура за ТИРЗ Ранковци, Струмица, Струга и Радовиш.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2014** | **2015** | **2016** |
| **Основен буџет** | **479.500** | **500.000** | **500.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 479.500 | 500.000 | 500.000 |
| **Самофинансирачки активности** | **25.500** | **28.000** | **35.000** |
| 787 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 25.500 | 28.000 | 35.000 |
| **Вкупно** | **505.000** | **528.000** | **535.000** |

III Развоен дел на Буџетот на Република Македонија за периодот 2014 - 2016 година

**Раздел 12101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Потпрограма 2А КАСКАДНИ ПРЕГРАДИ НА РЕКА ВАРДАР

Опис и цели Изградбата на каскадните прегради по реката Вардар подразбира изградба на пречистителни станици во општина Ѓорче Петров и Сарај, како и уредување на речното корито на реката Вардар. Со реализацијата на овој проект ќе се постигне заштита на квалитетот на водите на реката Вардар од фекалните води кои се влеваат од териториите на општина Ѓорче Петров и Сарај, заштита на бунарското подрачје Нерези-Лепенец од кој се водоснабдува градот Скопје и естетско уредување на коритото на река Вардар во централното градско подрачје.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2014** | **2015** | **2016** |
| **Основен буџет** | **62.000** | **82.000** | **62.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 62.000 | 82.000 | 62.000 |
| **Донации** | **17.000** | **17.000** | **17.000** |
| 785 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 17.000 | 17.000 | 17.000 |
| **Вкупно** | **79.000** | **99.000** | **79.000** |

Потпрограма 2Б ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма е опфатена монтажа на пумпи за вода во експлоатациони бунари и изградба на потисен цевковод со цел зголемување на капацитетот на извориштето на вода за обезбедување на дополнителни количини на вода за хидросистемот Дојранско Езеро и за новиот систем за наводнување Паљурци.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2014** | **2015** | **2016** |
| **Основен буџет** | **45.000** | **50.000** | **46.000** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 40.000 | 40.000 | 40.000 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 5.000 | 10.000 | 6.000 |
| **Вкупно** | **45.000** | **50.000** | **46.000** |

**Раздел 12101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Потпрограма 2Д ВОДОВОДНИ СИСТЕМИ ВО ТЕТОВО, ЛИПКОВО И ЗАЈАС

Опис и цели Во рамки на оваа потпрограма предвидено е изградба на четири краци од водоснабдителниот систем во општина Липково и тоа од Главен резервоар до централна разделна шахта и од Централната разделна шахта до Никуштак, Лојане и приклучна шахта за Лопате и Режановце. Истата вклучува и доизградба на водоводниот цефковод во должина од 5 км во општина Тетово, со што ќе се заокружи снабдувањето со квалитетна вода за пиење на близу 80.000 жители, како и реализација на Втора фаза од изградбата на водоводна мрежа од с.Колари до Зајас во должина од 8 км и резервоар за вода од 500 м3.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | **77.000** | **160.000** | **0** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 77.000 | 160.000 | 0 |
| **Вкупно** | **77.000** | **160.000** | **0** |

III Развоен дел на Буџетот на Република Македонија за периодот 2014 - 2016 година

**Раздел 13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Потпрограма 1А НАДГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УПРАВНА ЗГРАДА

Опис и цели Проектот Надградба и реконструкција на управна зграда опфаќа изработка на идејно решение на објектот, изработка на проектна документација на ниво на идеен, основен и изведбен проект и негова ревизија, како и спроведување на активности за надградба и реконструкција на самиот објект и стручен надзор над истите.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2014** | **2015** | **2016** |
| **Основен буџет** | **164.100** | **105.300** | **0** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 164.100 | 105.300 | 0 |
| **Вкупно** | **164.100** | **105.300** | **0** |

Потпрограма 2В ИЗГРАДБА НА СОЦИЈАЛНИ СТАНОВИ

Опис и цели Прашањето за социјално домување бара комплексен приод од страна на државата и оттука потребата од реализација на Проектот за изградба на социјалните станови. Крајна цел од изградбата на социјалните станови е намалување на сиромаштијата што е есенцијална претпоставка за обезбедување на хумани услови на живот, реафирмација на семејството, како и постигнување одржлив економски и социјален развој.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2014** | **2015** | **2016** |
| **Основен буџет** | **23.000** | **23.000** | **0** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 23.000 | 23.000 | 0 |
| **Вкупно** | **23.000** | **23.000** | **0** |

**Раздел 13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Потпрограма 2Д АВТОБУСИ ЗА ЈАВЕН ГРАДСКИ ПРЕВОЗ

Опис и цели Основна цел на оваа потпрограма е квалитетно и ефикасно задоволување на потребите за современ јавен градски превоз во главниот град како предуслов за поквалитено живеење на населението.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2014** | **2015** | **2016** |
| **Основен буџет** | **320.000** | **0** | **0** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 320.000 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **320.000** | **0** | **0** |

Потпрограма 2И ИЗГРАДБА НА ПАТ ДО МАНАСТИР ТРЕСКАВЕЦ

Опис и цели Со оваа потпрограма е опфатена изградбата на пат до манастирот Трескавец, со цел негово поврзување со Прилеп.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2014** | **2015** | **2016** |
| **Основен буџет** | **96.000** | **0** | **0** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 96.000 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **96.000** | **0** | **0** |

**Раздел 13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Потпрограма 2Ј ИЗГРАДБА НА ПАТ ДО МАНАСТИР ЗРЗЕ

Опис и цели Со оваа потпрограма е опфатена изградбата на пат до манастирот Зрзе.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2014** | **2015** | **2016** |
| **Основен буџет** | **5.000** | **25.000** | **25.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 5.000 | 25.000 | 25.000 |
| **Вкупно** | **5.000** | **25.000** | **25.000** |

**Раздел 13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Потпрограма 3Б ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ОПШТИНИТЕ

Опис и цели Основна цел на оваа потпрограма е да се обезбеди одржливо снабдување со вода за пиење на населението, преку подобрување на системите за водоснабдување. Проектот ќе се финансира како кредитно задолжување на Република Македонија од Германската банка за развој - KfW и со истиот е опфатено подобрување на водоснабдувањето во осум општини во Република Македонија, фаза 1 и тоа Тетово, Гостивар, Кочани, Радовиш, Кавадарци, Битола, Гевгелија и Неготино.

во илјади денари

| Извор на финансирање | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Категорија | | | 2014 | 2015 | 2016 |
| **Основен буџет** | | | **57.437** | **21.675** | **0** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 6.000 | 6.000 | 0 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 51.437 | 15.675 | 0 |
| **Заеми** | | | **252.854** | **142.065** | **0** |
| 786 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 12.300 | 0 | 0 |
| 786 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 240.554 | 142.065 | 0 |
| **Донации** | | | **76.875** | **17.040** | **0** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 76.875 | 17.040 | 0 |
| **Вкупно** | | | **387.166** | **180.780** | **0** |

**Раздел 13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Потпрограма 3В ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ

Опис и цели Со оваа потпрограма е опфатено изградба и уредување на пешачки патеки околу езерата во општините Дојран, Велес, Маврово-Ростуше, Крушево и Берово.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2014 | 2015 | 2016 |
| **Основен буџет** | | | **5.000** | **15.000** | **15.000** |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 5.000 | 15.000 | 15.000 |
| **Вкупно** | | | **5.000** | **15.000** | **15.000** |

Потпрограма 3Г ПРОЕКТ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Опис и цели Оваа потпрограма опфаќа изградба и реконструција на водоснабдителни и канализациони системи во Република Македонија, финансирани со заем од Европска Инвестициона Банка (ЕИБ). Основна цел на оваа потпрограма е квалитетно и ефикасно задоволување на потребите од вода, особено во руралните подрачја, како количински ограничен ресурс кој претставува еден од најважните предуслови за обезбедување на современ стандард на животот на населението.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2014 | 2015 | 2016 |
| **Основен буџет** | | | **50.980** | **73.572** | **133.409** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 1.980 | 900 | 180 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 49.000 | 72.672 | 133.229 |
| **Заеми** | | | **245.200** | **306.550** | **306.550** |
| 786 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 11.000 | 5.000 | 1.000 |
| 786 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 234.200 | 301.550 | 305.550 |
| **Вкупно** | | | **296.180** | **380.122** | **439.959** |

**Раздел 13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Потпрограма 3Д ГАСИФИКАЦИЈА

Опис и цели Со оваа потпрограма опфатени се активности за изработка на физибилити студија за гасоводен систем на Република Македонија со идеен проект и изработка на основен и изведбен проект за приоритетна делница за магистрален гасовод за утврдените делници, како и за изградба на Национален гасоводен систем во Република Македонија.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | 2016 |
| **Основен буџет** | **233.000** | **294.524** | **538.352** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 233.000 | 294.524 | 538.352 |
| **Заеми** | **0** | **10.829** | **231.275** |
| 786 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 10.829 | 231.275 |
| **Вкупно** | **233.000** | **305.353** | **769.627** |

Потпрограма 3К ИЗГРАДБА НА ПЛАЖИ

Опис и цели Со оваа потпрограма е опфатено изградба на плажи во Дојран и Преспа.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | 2016 |
| **Основен буџет** | **10.000** | **20.000** | **30.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 10.000 | 20.000 | 30.000 |
| **Вкупно** | **10.000** | **20.000** | **30.000** |

**Раздел 13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Потпрограма 3Л ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ-СОПИШТЕ И ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ-КРУШЕВО

Опис и цели Со оваа потпрограма е опфатена изградбата на систем за водоснабдување за дел од населените места во општина Сопиште - Регионален водовод Патишка Река и изградбата на инфраструктурни објекти (изградба на пристапни улици, потпорни ѕидови, водоводна мрежа и сепарирана канализациона мрежа со пречистителна станица) во викенд зоната Вршник, во општина Крушево.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | **49.243** | **50.000** | **60.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 49.243 | 50.000 | 60.000 |
| **Вкупно** | **49.243** | **50.000** | **60.000** |

Потпрограма 3М ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Опис и цели Програмата има за цел реализација на активности поврзани со експропријација на земјиште за развој на туристички развојни зони.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | **62.000** | **62.000** | **100.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 62.000 | 62.000 | 100.000 |
| **Вкупно** | **62.000** | **62.000** | **100.000** |

**Раздел 13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Потпрограма ДА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Опис и цели Со планираните инвестиции во железничката инфраструктура опфатено е редовното и тековното одржување во постојната железничка инфраструктура, изградбата на новиот Коридор 8, изработката на инвестиционо-техничката документација, како и надоместување на услугите од јавниот интерес во железничкиот превоз на патници. Со оглед дека железничката инфраструктура се карактеризира со застареност и неможност да се одвива сообраќајот со проектираните брзини на движење, со планираното вложување во железничката инфраструктура се очекува обезбедување на сигурен и безбеден сообраќај, привлекување на оператори (превозници) на територијата на Република Македонија, како предуслов за зголемување на конкурентноста на железничкиот транспорт на пазарот за транспортни услуги.

во илјади денари

| Извор на финансирање | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Категорија | | | 2014 | 2015 | 2016 |
| **Основен буџет** | | | **573.307** | **618.792** | **965.577** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 307 | 307 | 307 |
| 630 | 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 210.000 | 230.000 | 230.000 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 363.000 | 388.485 | 735.270 |
| **Заеми** | | | **674.410** | **613.100** | **536.944** |
| 786 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 674.410 | 613.100 | 536.944 |
| **Вкупно** | | | **1.247.717** | **1.231.892** | **1.502.521** |

**Раздел 14001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Потпрограма 6А ХИДРОСИСТЕМ ЗЛЕТОВИЦА

Опис и цели Основна и приоритетна намена на ХС Злетовица е долгорочно решавање на проблемот со водоснабдување на 100.000 жители во североисточниот дел на Македонија (прва фаза), а додека со останатите фази ќе се реши и проблемот со наводнување (Втора фаза) и производството на електрична енергија (Трета фаза). Со реализација на фаза 1-Водоснабдување ќе се реши проблемот со водоснабдување преку целосна изградба на филтер станици во сите општини опфатени со Проектот Злетовица. Основната цел на фаза 2 е да се обезбеди наводнување во атарот на општините Пробиштип и Кратово. Реализацијата на фаза 3 - Производство на електрична енергија која опфаќа изградба на мали хидроцентрали по течението на реката Злетовица, ќе придонесе за намалување на недостатокот од електрична енергија во Република Македонија, безбедно, сигурно и квалитетно снабдување на потрошувачите на енергија, зголемување на енергетската ефикасност како и создавање на можности за нови вработувања во регионот.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | | | **44.237** | **448.320** | **418.720** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 7.987 | 5.000 | 5.000 |
